ПРОСПЕКТ

ЗА КОТИРАЊЕ НА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ ИЗДАДЕНИ ОД

“ИДЕВЕЛОП” А.Д. СКОПЈЕ

НА
ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР ВО ПОДСЕГМЕНТ ЗАДОЛЖИТЕЛНА КОТАЦИЈА
НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА А.Д.СКОПЈЕ

Скопје, Април 2013

Акционерско друштво
ИДЕВЕЛОП АД
Бр. 008/13
29.04 2013 год.
СКОПЈЕ

ИЗЈАВА

Од Рејмонд Пауер во врска со Проспектот

Јас, Рејмонд Пауер со функција Управител и Извршен член на Одбор на Директори, како Орган на Управување на АД ИДЕВЕЛОП Скопје, под целосна материјална, морална и кривична одговорност изјавувам:

“Според нашите уверување и согласно нашите сознанија и податоци со кои располагаме, под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавувам дека сите податоци од овој проспект сочинуваат целосно и вистинито прикажување на имотот и обврските, добивките и загубите, финансиската и деловната состојба на АД ИДЕВЕЛОП Скопје, правата содржани во хартиите од вредност и дека не се изоставени податоци кои би можеле да влијаат на целовитоста и висинитоста на овој проспект“

Орган на Управување

Акционерско друштво ИДЕВЕЛОП АД СКОПЈЕ

ПРОСПЕКТ

ЗА КОТИРАЊЕ НА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ ИЗДАДЕНИ ОД

“ИДЕВЕЛОП” А.Д. СКОПЈЕ

НА ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР ВО ПОДСЕГМЕНТ ЗАДОЛЖИТЕЛНА КОТАЦИЈА

НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД СКОПЈЕ

1. Основни податоци

Проспектот се однесува на хартиите од вредност од издавачот “ИДЕВЕЛОП” А.Д. Скопје и истиот ќе се работи согласно Одредбите пропишани во Глава V-Проспект од Правилата за котација на Македонска берза А.Д. Скопје.

Назив и адреса на издавачот на хартии од вредност
Издавач на хартиите од вредност на кој се однесува Проспектот е “ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје регистрирано во Централен Регистар на Република Македонија со ЕМБС 5529484 и седиште на улица “Франц Месеснел” број 5а, Скопје (во понатамошниот текст “ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје).

Датум на изработка на Проспектот е Април 2013 година

Покровител на задолжителна котација е ТТК Банка А.Д. Скопје - Оддел за работа со хартии од вредност со седиште на ул.“Народен Фронт” 19-А Скопје

“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје работи со следните банки:
Стопанска Банка А.Д. Скопје

Назив и адреса на Друштвото за ревизија
Друштво за ревизија БДО доо, ул 11-ти Октомври бр.86/1-1, 1000 Скопје-Кисела Вода

Опис на родот на акциите
Основната главнина на “ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје е 1983000 EUR и се состои од 1983000 обични акции со право на глас со номинална вредност од 1 EUR по една акција.

2. Податоци за издавачот и капитал на издавачот

Назив и седиште на издавачот
Издавач на хартиите од вредност на кој се однесува Проспектот е “ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје регистрирано во Централен Регистар на Република Македонија со ЕМБС 5529484 и седиште на улица “Франц Месеснел” број 5а, Скопје (во понатамошниот текст “ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје).

Износ на вкупниот капитал
Изнесува 121.956.000,00 МКД е поделен на 1983000 обични акции со вкупна номинална вредност 1983000 EUR.

Зголемување односно намалување на основната главнина
е регулирано во Глава 5 од Статутот на “ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје.

Правата од обични акции согласно Член 34 од Статутот се:
право на глас на собрание,
право на дивиденда, и
право на исплата на дел од остатокот од ликвидациската, односно стечајната маса на Друштвото.

Промени во структурата на капиталот за последните две години во смисла на износите на емитиран капитал и број и родови на акции кои го сочинуваат вкупниот капитал НЕМА.

Должнички конвертибилни хартии од вредност НЕМА.

Лице кое поседува над 5% од акциите со право на глас
Рејмонд Пауер поседува 74,46%

“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје не поседува мнозинско учество во други друштва.

Финансиските извештаи на **“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје** за 2011 и 2012 се ревидирани и се во прилог на овој Проспект

“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје не е во **постапка за издавање на акции.**

3. Податоци за деловни активности на издавачот

Основната дејност на “ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје
е 62.09 Останати услуги во врска со информатичка технологија и компјутери

Значајни нови производи НЕМА.

Приказ на приходи од продажба за последните две години (2011 и 2012)
Приходи од продажба 2011 : мкд 2.645.225,00
Приходи од продажба 2012 : мкд 618.000,00

Зависност од патенти, лиценци индустриски, комерцијални или финансиски договори од голема важност за работењето на **“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје**.

Развој и истражување на нови производи и значајни постапки
Развој на постоечки софтвер ќе продолжи последователно и во наредните 3 години.

Судски или арбитражни постапки со значително влијание на финансиската состојба на **“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје** НЕМА.

Број на вработени заклучно со 28.02.2013 изнесува 4 и сите се со високо образование.

Значителни инвестиции во основни средства и вложување во хартии од вредност на други трговски друштва за последните две години НЕМА.

“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје се наоѓа на просечно место и позиција во гранката.

4. Финансиски податоци

Финансиските податоци се за период од две изминати години (2011 и 2012)

А) Вкупните средства на **“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје** изнесуваат:
Вкупни средства 2011: мкд 78.131.236,00
Вкупни средства 2012: мкд 62.870.184,00

Б) Вкупните обврски на **“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје** изнесуваат:
Вкупни обврски 2011: мкд 43.665.901,00
Вкупни обврски 2012: мкд 46.743.327,00

В) Добивка пред оданочување на **“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје** изнесува:
Фин.резултат 2011: загуба пред оданочување мкд 15.246.016,00
Фин.резултат 2012: загуба пред оданочување мкд 18.297.026,00

Г) Нето добивка по акција на **“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје** изнесува:
Нето добивка по акција 2011: мкд **– 7,71** (-15.281.874,оо / 1983000)
Нето добивка по акција 2012: мкд **– 9,23** (-18.297.026,оо / 1983000)

Д) Коефициент цена /добивка на **“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје** изнесува:
2011: **- 3,оо** (просечна продажна цена мкд 23,15 / нето добивка по акција мкд -7,71)
2012: **- 2,17** (просечна продажна цена мкд 20,оо / нето добивка по акција мкд -9,23)

Ѓ) Коефициент цена/книговодствена вредност на акција на **“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје** изнесува:
2011: **1,34** (просечна продажна цена мкд 23,15 / книг.вред.по акција мкд 17,32)
2012: **2,47** (просечна продажна цена мкд 20,00 / книг.вред.по акција мкд 8,10)

Е) Износ на исплатена дивиденда по акција на **“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје** изнесува:
Исплатена дивиденда по акција 2011: мкд 0,00
Исплатена дивиденда по акција 2011: мкд 0,00

Ж) Дивиденден принос на **“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје** изнесува:
2011: 0,00%
2012: 0,00%

“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје нема мнозинско учество во други трговски друштва, и нема консолидирани финансиски извештаи.

5. Податоци за акциите за кои се бара котација

Задолжителната котација се однесува на 1983000 обични акции со номинална вредност од 1 EUR.

Правата од обични акции согласно Член 34 од Статутот се:
право на глас на собрание,
право на дивиденда, и
право на исплата на дел од остатокот од ликвидациската, односно стечајната маса на Друштвото.

Собранието на акционери, соопштенијата за акционерите, правото на глас се регулирани во Глава 7 од Статутот на **“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје**.

Исплата на дивиденда е регулирана во член 94 и 95 од Статутот на **“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје**

Ликвидација на **“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје** е регулирана во член 109 од Статутот на **“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје**.

“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје не **располага со сопствени акции.**

Статистички податоци за тргувањето со акциите на “ИДЕВЕЛОП**” А.Д. Скопје**
Основната главнина на **“**ИДЕВЕЛОП **” А.Д. Скопје** се состои од 1.983.000 обични акции со право на глас
Номинална вредност на една акција е 1 ЕУР
Хартијата е со ISIN MKIDEV101016
Шифра на хартијата е IDVP
Подолу се дадени Статистичките податоци за тргувањето со акциите на “**ИДЕВЕЛОП**” А.Д. Скопје:
Во 2013 година не е реализирана ниту една трансакција.
Во 2012 година со акциите на **“ИДЕВЕЛОП” А.Д. Скопје** реализирана е 1 трансакција со 800 акции по просечна цена од 20 денари по акција на вкупен износ од 16.000денари. Максимална цена по акција е 20, а минимална 20.
Во 2011 година со акциите на “**“ИДЕВЕЛОП” А.Д. Скопје** реализирани се 11 трансакции со 19.038 акции по просечна цена од 22 денари по акција на вкупен износ од 440.701 денари. Максимална цена по акција е 25 а минимална 20 денари.

6. Податоци за органите на управување на “ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје

Согласно одлуките бр. 006/2012 од 22.06.2012, 012/2012 од 22.06.2012, 013/2012 од 22.06.2012год. Одборот на директори на “ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје се состои од следните членови:

1. Претседател и неизвршен член на Одбор на Директори:
Николас Стефан Харолд
Николас Стефан Харолд е од Обединето Кралство, има завршено Високо Образование и Магистратура на Универзитетот Оксфорд, Колеџ Пемброук - Економија, Политика, Филозофија.
Својата кариера ја започна во JP Morgan во Лондон.
Од јуни 2012та се наоѓа на позиција Претседател на Одборот на Директори на “ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје и неизвршен член на Одборот на Директори на истото.

2. Извршен член на Одбор на Директори и Главен Извршен Директор
Рејмонд Пауер
Рej Пауер, од Обединетото Кралство, сателитски инженер по занимање, е бизнисмен со долгогодишно искуство како во Република Македонија така и на меѓународно ниво. Со широко познавање при водење бизнис во повеќе сектори од 2001 година па наваму, Рej исто така е на чело на Британските стопански комори во Македонија и Косово, како и член на Извршниот комитет на Советот на британските стопански комори во Европа почнувајќи од 2010та година.

Од 03.04.2008, Рej е главен извршен директор на “ИДЕВЕЛОП“ А.Д. и исто така е извршен член на Одборот на директори.

3. Независен и неизвршен член на Одбор на Директори
Зоран Колев
Зоран Колев е од Скопје има дипломирано, магистрирано и докторирано на Економски факултет во Скопје со што се стекнал со титулата Доктор по Економски науки на тема Примарен пазар на капитал и Иницијална јавна понуда.
Својата кариера ја започнал како помлад програмер во Стопанска Банка АД Скопје.
Од 01.10.2009 е вработен како советник во ТТК Банка АД Скопје.
Од јуни 2012, се наоѓа на позиција Независен и неизвршен член на Одбор на Директори “ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје.

Наведените лица се независни и не се значајно ангажирани надвор од работењето на “ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје. Прилог Изјава

Наведените лица не се членови на Одбор на директори во други Друштва и против нив не е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните 5 години. Прилог Изјава

На горенаведените лица не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на “ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје во последните 5 години. Прилог Изјава

Лице кое поседува над 5% од акциите со право на глас е Рејмонд Пауер.
Рејмонд Пауер поседува 74,46%

За секој договор или друга деловна активност на “ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје во која друштвото е странка и во која членовите на Одборот на директори имаат интерес се постапува согласно Законот за трговски друштва-Член 349 или поточно согласно Членовите 457, 459 и 460 од истиот Закон.

Не постои податок за постоење на договор или соработка помеѓу лицата членови на Одборот на директори и големите акционери, клиенти, добавувачи врз основа на што било кое од овие лица би било избрано за член на Одбор на директори.

Не постои податок за постоење на било какво ограничување на располагањето со акциите кои членовите на Одборот на директори ги поседуваат во “ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје.

7. Развојни перспективи

Информација за **развојните перспективи** во деловното работење за следните 3 години
“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје има има долгорочна стратегија на раст врз основа на развој на производот и пазарот на тестирање. Главната дејност, спроведување интелигентни и бихевиористички маркетинг алатки, е брзо еволуирачка област на развој и како таква, наредните три години ќе продолжи со инвестиција во производ, но во комбинација со раст во познавање на пазарот и продажбата.

Моделот на раст следеше патека на која првите години имаше раст, од загуба до профит, потоа кога границата на рентабилност беше поставена, одржувањето на прогресот на степенот на развој заедно со приходите беше клучно за подобрување на вредоста на интелектуалната сопственост. Се очекува растот да ги надмине трошоците

за развој на производот на половина од тригодишниот период и да продолжи на ниво од над 5% годишно и понатаму.

8. Финансиски извештаи

Финансиските извештаи (Ревизорско мислење, Ревидиран Биланс на состојба, Ревидиран Биланс на успех, Ревидиран извештај за парични текови, Ревидиран извештај за промени на капиталот и Ревидирни белешки кон финансиските извештаи) на **“ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје** за **2011** се ревидирани и се во прилог на овој Проспект, исто важи и за **Финансиските извештаи за 2012.**

9. Издавање и дистрибуција на Проспектот

Проспектот и дополнителните информации за проспектот нема да се издадат, огласат или бидат во циркулација се додека не се одобрени од страна на Македонска Берза А.Д. Скопје.

После одобрувањето од Берзата, Проспектот јавно ќе се издаде и стави на располагање (во електронска и печатена форма и бесплатно) на јавноста:

а) во Берзата
б) во седиштето на “ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје
в) во седиштето на ТТК Банка АД Скопје
г) на интернет страницата на “ИДЕВЕЛОП“ А.Д. Скопје

Копии од Проспектот заедно со копиите на последните ревидирани финансиски извештаи за последните две години ќе бидат на располагање на адресите дадени погоре.

ИДЕВЕЛОП АД СКОПЈЕ

Финансиски извештаи
за годината која завршува на 31 Декември 2012
во согласност со МСФИ
и
Извештај на независниот ревизор

Април 2013

СОДРЖИНА

	Страна
ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР	1 - 2
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ	
Извештај за сеопфатна добивка	3
Извештај за финансиска состојба	4
Извештај за промени во капиталот	5
Извештај за паричните текови	6
Белешки кон финансиските извештаи	7 - 31

Тел. +389 2 3117 888
Факс. +389 2 3117 999
www.bdo.mk

11 Октомври бр. 86-1/1
1000 Скопје
Република Македонија

До акционерите на
ИДЕВЕЛОП АД, СКОПЈЕ

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на "ИДЕВЕЛОП" АД - Скопје, (во понатамошниот текст: Друштвото), кои се состојат од Извештајот за финансиска состојба со состојба на 31 декември 2012 година, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промените на капиталот и Извештајот за паричните текови за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и примена на соодветни сметководствени проценки зависно од околностите.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја спроведовме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјлно погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама и грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни со околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

БДО ДОО Скопје е трговско друштво основано во Република Македонија, членка на BDO International Limited, компанија со ограничена одговорност со седиште во Велика Британија. БДО ДОО Скопје е дел од меѓународната БДО мрежа на независни фирми членки.

БДО е бренд име за БДО мрежата и за секоја фирма членка.

До акционерите на
ИДЕВЕЛОП АД, СКОПЈЕ

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува)

Мислење на ревизорот

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите значајни аспекти, финансиската состојба на друштвото на ден 31 декември 2012 година, како и финансиските резултати и неговите паричните текови за годината која завршува на тој ден, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Извештај за други правни и регулативни барања

Менаџментот на Друштвото е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 Декември 2012 година.

Ние не сме во можност да известиме за тоа дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 Декември 2012 година, бидејќи датумот на комплетирање на ревизијата му претходеше на датумот на изготвувањето и презентацијата на годишниот извештај од страна на Друштвото.

Обрнување на внимание

Ние обрнуваме внимание на белешка 3.2 кон финансиските извештаи. За годината која завршува на 31 декември 2012 тековните обврски на Друштвото ги надминуваат неговите тековни средства за 45.667 илјади денари. Во моментот оваа состојба не ја загрозува претпоставката за континуитет во работењето, ниту ликвидноста, со оглед на тоа што најголем дел од обврските на Друштвото се однесуваат на поврзаните субјекти, (96% од вкупните обврски на Друштвото на 31 декември 2012 година), финансирајќи го дефицитот на паричните текови на Друштвото и проширување на финансиската поддршка кон Друштвото, со цел да се овозможи Друштвото да ги извршува своите операции и да ги исполнува своите обврски кон трети страни како што достасуваат и да го продолжи своето работење без значајно намалување на своите операции. Во врска со ова нашето мислење не е квалификувано.

Скопје, 29 април 2013 година

Елена Петровска-Лазаревски
Овластен ревизор

Друштво за ревизија BDO ДОО Скопје

Драган Димитров
Управител

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
За годината која завршува на 31 Декември 2012 и 2011
Во илјади денари

	Белешка	2012	2011
Приходи од продажба	4	618	2.645
Вкупно оперативни приходи		**618**	**2.645**
Трошоци за материјали и одржување	5	(981)	(1.199)
Плати, надоместоци и други лични примања	6	(74)	(567)
Амортизација	7	(16.509)	(16.173)
Останати оперативни трошоци	8	(1.942)	(1.587)
Вкупно оперативни трошоци		**(19.506)**	**(19.526)**
ОПЕРАТИВНА ЗАГУБА		**(18.888)**	**(16.881)**
ДРУГИ ПРИХОДИ/(РАСХОДИ)			
Останати приходи	9	886	2.077
Останати трошоци	10	(83)	(318)
Нето други приходи		**803**	**1.759**
ЗАГУБА ОД РАБОТЕЊЕТО		**(18.085)**	**(15.122)**
ПРИХОД/(РАСХОД) ОД ФИНАНСИРАЊЕ			
Приходи/(расходи) од камати, нето	11	(86)	(9)
Приходи/(расходи) од курсни разлики, нето	12	(116)	(115)
Нето расходи од финансирање		**(212)**	**(124)**
ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ		**(18.297)**	**(15.246)**
Данок на добивка	13	-	(36)
ЗАГУБА ЗА ГОДИНАТА		**(18.297)**	**(15.282)**
ВКУПНА СЕОПФАТНА ЗАГУБА ЗА ГОДИНАТА		**(18.297)**	**(15.282)**

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Друштвото и се потпишани во негово име од страна на Управителот:

Raymond Power

Акционерско друштво ИДЕВЕЛОП АД СКОПЈЕ

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА
За годината која завршува на 31 Декември 2012 и 2011
Во илјади денари

	Белешка	2012	2011
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Нематеријални средства	14	61.594	73.562
Недвижности, постројки и опрема	15	126	2.666
		61.720	**76.228**
Тековни средства			
Побарувања од купувачи	16	150	95
Останати тековни средства и АВР	17	932	1.398
Пари и парични еквиваленти	18	68	410
		1.150	**1.903**
ВКУПНИ СРЕДСТВА		**62.870**	**78.131**
КАПИТАЛ И ОБВРСКИ			
Капитал			
Акционерски капитал	19	121.956	121.956
Резерви		114	114
Акумулирана загуба		(87.721)	(72.439)
Загуба за годината		(18.297)	(15.282)
		16.052	**34.349**
Нетековни обврски			
Долгорочни обврски	20	-	1.203
		-	**1.203**
Тековни обврски			
Краткорочни финансиски обврски	21	44.144	39.739
Обврски кон добавувачи	22	537	705
Останати тековни обврски и ПВР	23	2.137	2.135
		46.818	**42.579**
ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ		**62.870**	**78.131**

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Друштвото и се потпишани во негово име од страна на Управителот:

Акционерско друштво ИДЕВЕЛОП АД СКОПЈЕ

Raymond Power

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ
За годината која завршува на 31 декември 2012 и 2011
Во илјади денари

	Капитал	Резерви	Акумулирана загуба	Вкупно
Состојба на 1 Јануари 2011	**121.956**	**114**	**(72.439)**	**49.631**
Загуба за тековната година	-	-	(15.282)	(15.282)
Состојба на 31 Декември 2011	**121.956**	**114**	**(87.721)**	**34.349**
Загуба за тековната година	-	-	(18.297)	(18.297)
Состојба на 31 Декември 2012	**121.956**	**114**	**(106.018)**	**16.052**

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
За годината која завршува на 31 декември 2012 и 2011
Во илјади денари

	2012	2011
ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ		
Загуба пред оданочување	**(18.297)**	**(15.246)**
Усогласувања на загубата за нето паричните текови од оперативни активности:		
Амортизација	16.509	16.173
Приходи од отпис на обврски	(212)	(1.835)
Капитална добивка од продажба на постојани средства	(622)	-
Исправка на вредност на побарувања	83	318
Промени во оперативните средства и обврски:		
Зголемување/(намалување) на тековните средства:		
Побарувања од купувачи	(138)	404
Останати побарувања и АВР	467	(167)
Зголемување/(намалување) на тековните обврски:		
Обврски кон добавувачи	44	(222)
Останати обврски и ПВР	2	(6.501)
Нето паричен тек од оперативни активности	**(2.164)**	**(7.076)**
ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ		
Набавка (продажба)на нематеријални средства	(66)	(2.507)
Набавка на недвижности, постројки и опрема	(1.935)	(58)
Продажба на недвижност постројки и опрема	622	-
Нето паричен тек од инвестициони активности	**(1.379)**	**(2.565)**
ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ		
Краткорочни финансиски обврски и позајмици	3.202	9.744
Нето паричен тек од финансиски активности	**3.202**	**9.744**
Нето зголемување /(намалување) на паричните средства	(341)	103
Пари и парични средства на почетокот на годината	409	306
Пари и парични средства, крај на годината	**68**	**409**

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

1. КОРПОРАТИВНИ ПОДАТОЦИ

Акционерското друштво "ИДЕВЕЛОП" АД, Скопје (во понатамошниот текст "Друштвото") е основано во Македонија. Друштвото е регистрирано со решение на Централен регистер на РМ од 22.06.2001 година.

Основна дејност на Друштвото претставува понуда на софтвер и други консултации.

Номиналната вредност на капиталот на Друштвото изнесува 121.956.000 денари (1.983.000 евра), односно вкупниот број на акции изнесува 1.983.000 со номинална вредност по акција во износ од 1 евро.

Седиштето на Друштвото се наоѓа на ул. Франц Месеснел бр.5-А Скопје.

На 31 Декември 2012 година, Друштвото имало 4 вработени (31 декември 2011: 3 вработени).

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

2.1. Основа за изготвување

Приложените финансиски извештаи се изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Република Македонија во Правилникот за сметководство (Сл.Весник 159/2009) и применливи од 1 Јануари 2011 година, вклучувајќи ги Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) и Интерпретациите издадени од Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди (ОМСС) и Комитетот за толкување на Меѓународни стандарди за финансиско известување (КТМСФИ), последователно.

Финансиските извештаи се изготвени со примена на методата на набавна вредност и принципот на континуитет во работењето.

Овие финансиски извештаи ги опфаќаат побарувањата, обврските, оперативните резултати, промените во капиталот и паричните текови на Друштвото како посебен ентитет.

При изготвувањето на овие финансиски извештаи, Друштвото се придржуваше кон сметководствените политики опишани во Белешка 2. Сметководствените политики применети во овие финансиски извештаи се конзистентни со политиките применувани за годишните финансиски извештаи за фискалната 2011 година.

Финансиските извештаи на Друштвото се изразени во илјади денари. Денарот претставува официјална известувачка валута на Друштвото. Сите други трансакции во валута различна од официјалната се сметаат за трансакции во странска валута.

При подготвувањето на овие финансиски извештаи, Друштвото се придржуваше кон основните сметководствени политики објаснети во понатамошниот текст. Овие политики се конзистентни со политиките користени при подготвката на финансиските извештаи за сите претходните години, освен доколку не е поинаку назначено.

Подготвувањето на финансиските извештаи во согласност МСФИ, бара примена на одредени сметководствени проценки. Исто така бара од раководството да примени расудување во процесот на примена на сметководствените политики на Друштвото. Деловите кои вклучуваат повисок степен на расудување и компексност, или пак делови каде што претпоставките и проценките се значајни за финансиските извештаи се обелоденети во белешка 2.2

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.1. Основа за изготвување (Продолжува)

(а) Нови стандарди, измени и толкувања кон постоечките стандарди, валидни во тековниот период на известување, кои не се официјално усвоени

Примената на следниве нови и изменети стандарди и толкувањата на КТМСФИ на постоечките стандарди задолжителни за првична примена за финансиската година започнувајќи на 1 јануари 2012 година, не резултираа во значајни промени во сметководствените политики на Друштвото и немаат влијание на придружните финансиски извештаи на Друштвото:

- Измени кон МСФИ 7 " Унапредување на обелоденувањата во врска со финансиските инструменти" (стануваат валидни за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2009);
- КТМФИ 18 "Пренос на средства од страна на купувачите (стануваат валидни за годишните периоди кои започнуваат на или по 1 јули 2009);
- Измени кон КТМФИ 9 "Повторна процена на вградени деривативи и МСС 39" Финансиски инструменти: Признавање и мерење (стануваат валидни за годишните периоди кои започнуваат на 1 јули 2009);
- Измени кон КТМФИ 16 " Хеџинг на нето вложување во странски операции" (стануваат валидни за годишните периоди кои започнуваат на 1 јули 2009);
- Измени на различни стандарди и толкувања како резултат на проектот за годишно унапредување на стандардите, објавени од страна ОМСС во април 2009 година (датумите на примена варираат од стандард до стандард, но повеќето се применливи за годишни периоди на известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2010);
- Измени кон МСС 32 " Финансиски инструменти: Презентација" - Класификација на издадени права (стануваат валидни за годишните периоди кои започнуваат на 1 февруари 2010 или по тој датум);
- Измена кон МСФИ 1 " Првична примена на Меѓународните стандарди за финансиско известување"(стануваат валидни за годишните периоди кои започнуваат на 1 јули 2010 година);
- КТМСФИ 19 "Плаќање на обврски со инструменти на капиталот" (применлив за годишни периоди на известување кои започнуваат на или по 1 јули 2010);
- Измени на различни стандарди и толкувања како резултат на проектот за годишно унапредување на стандардите, објавени од страна ОМСС во мај 2010 година (датумите на примена варираат од стандард до стандард, но повеќето се применливи за годишни периоди на известување кои започнуваат на или по 1 јули 2010);
- Ревидиран МСС 24 „Обелоденување на поврзани субјекти„ (стануваат валидни за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2011 или по тој датум);
- Измени кон КТМСФИ 14" МСС 19 - Ограничување на средствата за дефинирани користи, минимални барања за финансирање и нивна поврзаност" - Претплати на минималните барања на фондот (стануваат валидни за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2011 или по тој датум);

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.1. Основа за изготвување (Продолжува)

(а) Нови стандарди, измени и толкувања кон постоечките стандарди, валидни во тековниот период на известување, кои не се официјално усвоени (продолжува)

- Измени кон МСФИ 1 "Привично усвојување на Меѓународните стандарди за финансиско известување" - Висока хиперинфлација и отстранување на фиксни датуми за првичните усвојувачи на МСФИ (стануваат валидни за годишните периоди кои започнуваат на 1 јули 2011 или по тој датум);
- Измени кон МСФИ 7 "Финансиски инструменти: обелоденувања" - Трансфер на финансиски средства (стануваат валидни за годишните периоди кои започнуваат на 1 јули 2011 или по тој датум) и
- Измени на МСС 12 "Даноци на добивка" - Одложен данок: поврат на основните средствата (применлив за годишни периоди на известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2012).

Овие измени резултираат примарно на отстранување на неконзистентности и терминолошки или уреднички промени. Усвојувањето на овие измени не доведува до значајни промени во сметководствените политики на Друштвото и немаат материјален влијание на финансиската состојба или успешност на Друштвото.

(б) Нови стандарди, измени и толкувања кон објавените стандарди кои сеуште не се валидни и не биле претходно применети од страна на Друштвото

Следниве нови и изменети стандарди и толкувања на КТМСФИ беа издадени, но не и валидни за примена за финансиската година која започнува од 1 јануари 2012 година. Истите не се порано прифатени и Друштвото е во процес на проценка на потенцијалното влијание, доколку постои, на финансиските извештаи. Друштвото има намера да ги прифати овие стандарди кога истите ќе станат валидни.

- Измени кон МСС 1 "Презентирање на финансиски извештаи"-Останата сеопфатна добивка (стануваат валидни за годишните периоди кои започнуваат на 1 јули 2012 или по тој датум);
- Ревидиран МСС 19 " Корист за вработените" (станува валиден за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2013 или по тој датум);
- Ревидиран МСС 27 "Поединечни финансиски извештаи" (станува валиден за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2013 или по тој датум);
- Ревидиран МСС 28 "Вложувања во придружени ентитети" (станува валиден за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2013 или по тој датум);
- Ревидиран МСС 32 "Финансиски инструменти: презентирање" (применлив за годишните периоди на известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2014 година);
- Измени на МСФИ 1 "Првично усвојување на меѓународните стандарди за финансиско известување" - Државни кредити (применлив за годишни периоди на известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2013);
- Измени на МСФИ 7 "Финансиски инструменти: Обелоденувања" - Порамнување на финансиски средства и финансиски обврски (применлив за годишни периоди на известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2013);
- МСФИ 9 "Финансиски инструменти" (станува валиден за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2015 или по тој датум);

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.1. Основа за изготвување (Продолжува)

(б) Нови стандарди, измени и толкувања кон објавените стандарди кои сеуште не се валидни и не биле претходно применети од страна на Друштвото

- МСФИ 10 "Консолидирани финансиски извештаи" (станува валиден за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2013 или по тој датум);
- МСФИ 11 "Заеднички договори" (станува валиден за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2013 или по тој датум);
- МСФИ 12 " Обелоденување на удели во други ентитети" (станува валиден за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2013 или по тој датум);
- МСФИ 13" Мерење на фер вредност" (станува валиден за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2013 или по тој датум);
- КТМФИ 20 "Трошоци за откривка во фазата на производство на површински рудници" (применлив за годишни периоди на известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2013);
- Измени на повеќе стандарди (МСФИ 1, МСС 1, МСС 16, МСС 32 и МСС 34) како резултат на проектот за годишно унапредување на стандардите, циклус 2009-2011, објавени од страна ОМСС во мај 2012 година, првенствено заради отстранување на неконзистентности и појаснување на текстот (применлив за годишни периоди на известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2013) и
- Измени на МСФИ 10, МСФИ 12 и МСС 27 "Инвестициски ентитети" (применлив за годишни периоди на известување кои започнуваат на или по 1 јануари 2014).

Менаџментот на Друштвото го проценува влијанието на овие нови стандарди, измени и толкувања кои стануваат валидни и смета дека нивната со нивната примена не се очекува да има материјално влијание на финансиските извештаи на Друштвото во периодот од нивната првична примена.

2.2. Користење на проценки

Изготвувањето на финансиските извештаи во согласност со МСФИ бара од Раководството на Друштвото употреба на проценки и претпоставки кои влијаат на прикажаните износи на средствата и обврските и обелоденувањето на неизвесни средства и обврски на денот на финансиските извештаи, како и на приходите и трошоците во извештајниот период. Овие проценки и претпоставки се засновани на информациите достапни на датумот на изготвувањето на Извештајот за финансиска состојба. Актуелните резултати можат да се разликуваат од овие проценки.

Овие проценки се разгледуваат периодично и промените во проценките се прикажуваат во периодите во кои истите стануваат познати.

Најзначајната употреба на расудувања и проценки, кои се обелоденети во прегледот на значајни сметководствени политики и соодветните објаснувачки белешки се однесуваат на оштетувањето на финанските и нефинансиските средства.

2.3. Споредливи износи

Споредливите износи ги претставуваат ревидираните финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2011 година.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.4 Приходи

Приходите се искажани според објективната вредност на примените средства или побарувања, намалени за одобрените дисконти и данокот на додадена вредност. Приходот е искажан во моментот кога договорените услуги се извршени, односно производите се испорачани.

2.5. Расходи

Расходите се прикажуваат врз принципот на пресметковна основа (фактурирана реализација).

2.6. Лизинг

Лизингот каде што Друштвото ги пренесува сите ризици и приноси кои се поврзани со сопственоста на средството врз корисникот на лизингот се класифицира како финансиски лизинг.

Оперативниот лизинг е лизинг кој не ефинансиски лизинг. Приходите поврзани со оперативниот лизинг се признаваат во периодот за кој се однесуваат.

Оперативниот лизинг се однесува на изнајмување на деловни простории, магацини и други трошоци за закупнина. Гореспоменатите трошоци се искажани во Извештајот за сеопфатна добивка во моментот кога таквите трошоци настануваат, во согласност со важечките договори за оперативен лизинг.

2.7. Одржување и поправки

Трошоците за одржувањето и поправките на недвижностите, постројките и опремата се прикажуваат како трошоци во моментот на нивно настанување во ефективни износи, и се признаваат во Извештајот на сеопфатна добивка на Друштвото.

2.8. Трошоци на позајмување

Трошоците на позајмување се евидентираат како расходи во периодот во кој настануват, освен оние кои се капитализирани.

Трошоците за позајмиците директно припишани на стекнување, изградба или производство на средства кои се квалификуваат согласно со МСС 23, се капитализираат како составен дел од набавната вредност, односно цената на чинење на средството.

Капитализацијата на трошоците од позајмици се врши во случај на изградба на објект или некое друго средство на кое му е потребен значителен временски период за да биде подготвено за употреба или продажба.

Капитализација на трошоците од позајмици се врши и за залихи за кое е потребен значителен временски период за да се подготват за продажба.

Капитализација на трошоците од позајмици се врши од почетокот на периодот на вложување во средството до моментот кога се завршени сите активности кои се неопходни за средството да се подготви за планираната употреба или продажба.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.9. Конвертирање во странска валута и сметководствениот третман на позитивните / негативните курсни разлики и ефектот од примената на девизна клаузула

Ставките во Извештајот за финансиска состојба и Извештајот за сеопфатна добивка искажани во финансиските извештаи се вреднуваат со користење на валутата од примарното економско окружување (функционална валута). Како што е обелоденето во Белешка 2.1, придружните финансиски извештаи се прикажани во илјади денари (МКД), кои претставуваат функционална и официјална извештајна валута на Друштвото.

Компонентите на средствата и обврските искажани во странска валута се конвертирани во денари според официјалниот девизен курс на денот на составување на Извештајот за финансиска состојба (Белешка 3.1.)

Трансакциите во странски валути се конвертирани во денари според официјалниот девизен курс на денот на секоја трансакција.

Позитивните и негативните курсни разлики кои произлегуваат од конвертирањето на средствата, обврските и трансакциите се соодветно искажани како приход / расход во Извештајот за сеопфатна добивка.

2.10. Материјални средства

Средствата се признаваат како матерјални средства доколку:

- имаат физичка содржина
- носат неспорни идни економски користи, односно приливи
- нивната вредност лесно веродостојно е мерлива и е поголема од 300 евра во денарска противвредност
- имаат век на траење подолг од една година
- Друштвото ги контролира како резултат на некои минати настани и истите може да ги отуѓи

Како матерјални средства Друштвото ќе ги идентификува општо прифатените матерјални средства како што се:
- Недвижности и вложувања во недвижности
- Постројки
- Опрема

Друштвото во момент на стекнување на матерјалното средство истото го евидентира по неговата набавна вредност или неговата објективна пазарна вредност во моментот на стекнување. Објективна пазарна вредност на матерјалното средство е неговата комерцијална вредност, односно онаа вредност по која истото може објективно да се оттуѓи и истата може да биде валуирана од независни проценители или вештаци.

Матерјалното средство Друштвото може почетно да го стекне преку:
- Одделно стекнување, дирекна набавка
- Преку деловна комбинација
- Преку Државна поддршка
- Преку размена на средства
- Преку интерно создавање

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.10. Материјални средства (Продолжува)

Во случај на „одделно стекнување, директна набавка„ почетната набавната вредност ја опфаќа набавната цена, сите увозни давачки, неповратни даноци и такси, сите трошоци потребни за доведување на средството во работна состојба (транспорт,монтажа,тестирање и сл.), трошоците за вработени и професионални надоместоци за доведување на материјалното средство во позиција да може да носи економски користи. Трговските попусти и рабати ја намалуваат почетната набавна вредност.

Во случај на стекнување преку „деловна комбинација„ , „државна поддршка„ и „размена на средства„ , почетната набавна вредност на материјалното вложување е заснована на неговата објективна пазарна вредност на денот на стекнување и која треба веродостојно да се измери и потврди од страна на овластен и професионален проценител.

Во случај на стекнување преку „ интерно создавање„ , почетната набавна вредност на материјалното средство ја сочинуваат сите тековни трошоци и набавки на материјали и суровини кои директно настанале заради создавање на тоа материјално средство се до моментот на доведување на средството во позиција да може да носи економски користи. Како тековни трошоци кои ја формираат набавната вредност на материјалното вложување стекнато преку интерно создавање се класифицираат оние набавки кои настанале заради и само заради процесот на создавање на материјалното средство и трошоците за ангажирани човечки ресурси кои се директно или делумно инволвирани во процесот на создавање , соодветно на нивниот ангажман . Тековните трошоци кои настанале поради или се директно поврзани со создавањето на материјалното средство треба да бидат реално и објективно измерени со примена на разбирливи , логични и општо прифатени методи, со изземање на абномарлните некорисни трошења на материјали и труд и одобрени со донесување на посебен Акт.

Трошоци кои се директно поврзани со создавање на материјалното средство ја формираат неговата набавната вредност преку процес на капитализација во моментот на нивното настанување или периодично доколку создавањето е во тек.

Сите трошоци на финансирање за стекнување со материјалното средство на било кој начин (камати по кредити, банкарски провизи и сл.) кои се направени до моментот на неговото ставање во употреба, се капитализираат и ја зголемуваат неговата почетна набавна вредност, освен курсните разлики кои се евидентираат како трошоци за периодот.

Трошоците за промотивни активности и рекламирање поврзани со материјалното средство и постигнување на економски бенефити не ја зголемуваат неговата набавна вредност и се евидентираат како трошоци за периодот.

Секое стекнување на материјално средство се евидентира како инвестиција во тек се до моментот кога средството е целосно подготвено и треба да биде ставено во функција и позиција да носи економски користи. Ставањето на средството во функција на економски користи се препознава како момент на активирање на средството или ставање во употреба.

Од денот на активирање на материјалното средство, истото почнува да се амортизира од следниот календарски месец по месецот во кој е ставено во употреба, со примена на праволиниска метода, а по стапка согласно претпоставениот векот на траење на средството. Основица за примена на стапка на амортизација е набавната вредност на средството.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.10. Материјални средства (Продолжува)

Еднаш активираното матерјално средство подлежи на амортизација до крајот на неговиот век на траење.

Векот на траење на матерјалното средство односно годишната стапка на амортизација по која истото ќе се амортизира се одредува во моментот на активирање на истото со донесување на посебен Акт. Во спротивно се применува најкраткиот рок на времетраење на средството, односно највисоката годишна амортизациона стапка.

Одредениот век на траење на средството може да се менува со донесување на посебен Акт, а поради настанати значителни промени кои влијаат на промена на векот на траење на тоа средство.

Едно веќе стекнато и активирано матерјално средство може да ја зголеми својата вредност по пат на дополнителни вложувања и набавки ако истите го продолжуваат векот на траење на средството, значително влијаат на зголемување на неговиот капацитет , ги намалува трошоците на производство или го подобрува квалитетот на производот.

Додадената вредност на веќе постоечко и активирано матерјално средство подлежи на амортизација по исти стапки како и првично набавеното матерјално средство.
Матерјалните средства во Финансиските извештаи се прикажуваат по нивната сегашна вредност, односно нивната набавна вредност намалена за амортизацијата за периодот од активирањето до презентирањето и било какви загуби заради обезвреднување.

Доколку за времетраењето на рокот на употреба на средството, значително се намалат неговите економски користи или истите целосно се изгубат, матерјалното средство може целосно да се амортизира за преостанатата вредност или да се пренамени за продажба доколку се процени дека истата е можна.

Матерјалните средства кои ќе се наменат за продажба, ќе се евидентираат по нивната сегашна вредност намалена за претпоставените трошоци на продажба. Амортизацијата во таков случај престанува да се пресметува. Друштвото донесува посебен Акт за состојби опишани и регулирани со овој параграф.

Матерјалните вложувања, особено вложувањата во недвижности, кои првично се признаваат и евидентираат по трошочниот модел, односно по нивната набавна вредност зголемена за трансакциските трошоци, по алтернативна постапка можат да се вреднуваат по нивната објективна пазарна вредност.

Алтернативната постапка е неопходна при големи отстапувања на евидентираната вредност од објективната пазарна вредност.Во ваков случај загубата или добивката настаната поради промена на вредноста се вклучува во нето добивката, односно нето загубата за периодот во кој настанала.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.11. Нематеријални средства

Средствата кои немаат физичка содржина, но кои можат да се идентификуваат како средства кои ќе донесат идни економски користи односно приливи и чија вредност може веродостојно да биде измерена, а кои Друштвото ги контролира како резултат на некои минати настани и истите може да ги отуѓи, се признаваат како нематерјални средства. Како нематерјални средства Друштвото ќе ги идентификува општо прифатените нематерјални средства како што се:

- Компјутерски софтвер
- Концесии, Патенти и Лиценци
- Научни и стручни знаења (кнoњ хоњ)
- Оснивачки издатоци
- Авторски и други права, Трговски марки и друга Интелектуална сопственост
- Права за сервисирања и учество на пазари
- Дозволи, Квоти, Франшизи и Маркетиншки права
- Востановени бизнис релации и бизнис лојалности кои носат економски бенефити

Издатоците за истражување и развој не се признаваат како нематерјални средства, туку се признаваат како расходи во моментот на нивното настанување .

Друштвото во момент на стекнување на нематерјалното средство истото го евидентира по неговата набавна вредност или неговата објективна пазарна вредност во моментот на стекнување . Објективна пазарна вредност на нематерјалното средство е неговата комерцијална содржина, односно онаа вредност по која истото може објективно да се оттуѓи и истата може да биде валуирана од независни проценители или вештаци.

Нематерјалното средство Друштвото може почетно да го стекне преку: 1) одделно стекнување, дирекна набавка 2) деловна комбинација, 3) државна поддршка, 4) размена на средства и 5) интерно создавање.

Во случај на „одделно стекнување, дирекна набавка„ почетната набавната вредност ја опфаќа набавната цена, сите увозни давачки, неповратни даноци и такси, евентуално потребни трошоци за тестирање, трошоците за вработени и професионални надоместоци за доведување на нематерјалното средство во позиција да може да носи економски користи. Трговските попусти и рабати ја намалуваат почетната набавна вредност.

Во случај на стекнување преку „деловна комбинација„, „државна поддршка„ и „размена на средства„ , почетната набавна вредност на нематерјалното вложување е заснована на неговата објективна пазарна вредност на денот на стекнување и која треба веродостојно да се измери и потврди од страна на овластен и професионален проценител.

Во случај на стекнување преку „ интерно создавање„ , почетната набавна вредност на нематерјалното средство ја сочинуваат сите тековни трошоци кои дирекно настанале заради создавање на тоа нематерјално средство се до моментот на доведување на средството во позиција да може да носи економски користи. Како тековни трошоци кои ја формираат набавната вредност на нематерјалното вложување стекнато преку интерно создавање се класифицираат оние набавки кои настанале заради и само заради процесот на создавање на нематерјалното средство и трошоците за ангажирани човечки ресурси кои се дирекно или индирекно инволвирани во процесот на создавање, целосно или делумно, соодветно на нивниот ангажман.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.11. Нематеријални средства (Продолжува)

Тековните трошоци кои настанале поради или се директно поврзани со создавањето на нематерјалното средство треба да бидат реално и објективно измерени со примена на разбирливи , логични и општо прифатени методи и одобрени со донесување на посебен Акт. Трошоци кои се директно поврзани со создавање на нематерјалното средство ја формираат неговата набавната вредност преку процес на капитализација во моментот на нивното настанување или периодично доколку создавањето е во тек.

Сите трошоци на финансирање за стекнување со нематерјалното средство на било кој начин (камати по кредити, банкарски провизи и сл.) кои се направени до моментот на неговото ставање во употреба, се капитализираат и ја зголемуваат неговата почетна набавна вредност, освен курсните разлики кои се евидентираат како трошоци за периодот.

Трошоците за промотивни активности и рекламирање поврзани со нематерјалното средство и постигнување на економски бенефити не ја зголемуваат неговата набавна вредност и се евидентираат како трошоци за периодот.

Секое стекнување на нематерјално средство се евидентира како инвестиција во тек се до моментот кога средството е целосно подготвено и треба да биде ставено во функција и позиција да носи економски користи. Ставањето на средството во функција на економски користи се препознава како момент на активирање на средството или ставање во употреба. Од денот на активирање на нематерјалното средство, истото почнува да се амортизира од следниот календарски месец по месецот во кој е ставено во употреба, со примена на праволиниска метода, а по стапка согласно претпоставениот векот на траење на средството. Основица за примена на стапка на амортизација е набавната вредност на средството.

Гудвилот кој произлегува од претходни деловни комбинации не се амортизира туку се тестира заради обезвреднување согласно МСС 36.

Еднаш активираното нематерјално средство подлежи на амортизирање до крајот на неговиот век на траење. Векот на траење на нематерјалното средство односно годишната стапка на амортизација по која истото ќе се амортизира се одредува во моментот на активирање на истото со донесување на посебен Акт. Во спротивно се применува најкраткиот рок на времетраење на средството, односно највисоката годишна амортизациона стапка. Одредениот век на траење на средството може да се менува со донесување на посебен Акт, а поради настанати значителни промени кои влијаат на промена на векот на траење на тоа средство.

Едно веќе стекнато и активирано нематерјално средство може да ја зголеми својата вредност по пат на:

- унапредување и развој доколку тоа значително ги зголемува идните економски користи од тоа средство, при што вредноста се зголемува за тековните трошоци направени за развој и унапредување на истото по принципи и постапки регулирани со оваа политика.
- ревалуација на објективната пазарна вредност доколку настанат значајни и трајни поместувања на пазарните околности и доколку тоа значително влијае за зголемување на идните економски користи, а по принципи и правила регулирани со оваа политика.
- дополнителни набавки поврзани со веќе постоечко нематерјално средство кои значително ќе влијаат за зголемување на идните економски користи од истото и/или го зголемуваат времетраењето на средството.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.11. Нематеријални средства (Продолжува)

Додадената вредност на веќе постоечко и активирано нематерјално средство подлежи на амортизација по исти стапки како и првично набавеното нематерјално средство чија вредност ја зголемува и тоа поединечно, во рок и на начин регулиран со оваа политика.

Нематерјалните средства во Финансиските извештаи се прикажуваат по нивната сегашна вредност, односно нивната набавна вредност намалена за амортизацијата за периодот од активирањето до презентирањето и било какви загуби заради обезвреднување.

Доколку за времетраењето на рокот на употреба на средството, значително се намалат неговите економски користи или истите целосно се изгубат, нематерјалното средство може целосно да се амортизира за преостанатата вредност или да се пренамени за продажба доколку се процени дека истата е можна.

Нематерјалните средства кои ќе се наменат за продажба, ќе се евидентираат по нивната сегашна вредност намалена за претпоставените трошоци на продажба. Амортизацијата во таков случај престанува да се пресметува.Друштвото донесува посебен Акт за состојби опишани и регулирани со овој параграф.

2.12. Амортизација

Амортизацијата на недвижностите и опремата и нематеријалните средства се пресметува правопропорционално за да набавната вредност на средствата целосно се отпише во нивниот проценет корисен век. Амортизацијата на недвижностите и опремата и нематеријалните средства се врши според стапки засновани на проценетиот корисен век на средствата од страна на Раководството на Друштвото. Компететните оддели во Друштвото периодично го проценуваат корисниот век на недвижностите и опремата.
Пропишаните годишни стапки на амортизација што се користат за одделните групи на недвижности и опрема и нематеријални средства се како што следува:

- компјутерски софтвер, од 5 – 10 години (10% - 20% годишна амортизација)
- Концесии и Лиценци , од 5 - 10 годиини (10% - 20% годишна амортизација) или во зависност од нивното траење
- Патенти, Научни и стручни знаења(кнoњ хоњ), авторски и други права, трговски марки и друга Интелектуална сопственост,како и оснивачки издатоци, од 5 – 20 години (5% - 20% годишна амортизација) или во зависност од нивното траење
- Права за сервисирања и учество на пазари, Дозволи, Квоти, Франшизи и Маркетиншки права од 5 - 10 години (10% - 20% годишна амортизација) или во зависност од нивното траење
- недвижности (земјишта) , неограничен век на траење
- недвижности (градежни објекти) , од 50 - 100 години (1% - 2% годишна амортизација)
- Компјутерска опрема – хардвер, од 4 до 5 години (20% - 25% годишна амортизација)
- Канцеларискі мебел и инвентар, од 4 до 5 години (20% - 25% годишна амортизација)
- Останата опрема, од 4 до 5 години (20% - 25% годишна амортизација)
- Транспортни средства, од 4 до 5 години (20% - 25% годишна амортизација)

Амортизацијата на недвижности и опрема и нематеријални средства започнува да се пресметува со ставање на средствата во употреба.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.13. Оштетување на нефинансиските средства

Во согласност со прифатените сметководствени политики, на крајот од секоја година Раководството на Друштвото ја проценува сметководствената вредност на нематеријалните средства на Друштвото како и на недвижностите и опремата. Доколку постои индикација дека овие средства се оштетени, се пресметува надоместливата вредност на средствата за да се утврди обемот на загубата од оштетување. Доколку надоместливата вредност на средството е проценета како пониска од неговата сегашна вредност, сегашната вредност се намалува до износот на надоместливата вредност, која ја претставува повисоката од нето продажната вредност на средството и неговата употребна вредност. Загубите од оштетување, кои ја претставуваат разликата помеѓу сегашната вредност и надоместливата вредност на материјалните и нематеријалните средства, се прикажуваат во Извештајот за сеопфатна добивка согласно МСС 36 "Оштетувања на средствата".

Оштетените нефинансиски средства се оценуваат на секој датум на известување за да се утврдат можните надоместувања на оштетувањето.

2.14. Залихи

Залихите иницијално се искажуваат според пониската од набавната и нето продажната вредност. Набавната вредност се состои од фактурната вредност, транспортните трошоци и другите зависни трошоци. Нето продажната вредност ја претставува цената по која залихите би можеле да бидат продадени во нормални услови на стопанисување, намалена за трошоците на продажбата.

Исправката на вредноста на залихите која се прикажува во "Останати трошоци" се евидентира кај ставките кај кои е потребно да се намали нивната сметководствена вредност до нето продажната вредност проценета од страна на Раководството. Залихите кои се оштетени или се со квалитет кој е понизок од стандардниот, целосно се отпишуваат.

Залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар се водат по набавни цени и истите се отпишуваат 100% при ставањето во употреба. Залихите на трговски стоки во склад се водат по набавни цени со примена на метадата на просечни набавни цени

2.15. Финансиски инструменти

Сите финансиски инструменти иницијално се признаваат според објективна вредност (вообичаено еднаква на платената цена) вклучувајќи ги директните зависни инкрементални трошоци на купување или издавање на финансиското средство или финансиската обврска, освен за финансиското средство или финансиската обврска според објективна вредност преку добивка или загуба. Сите набавки и продажби на финансиски средства и финансиски обврски настанати на вообичаен начин се признаваат на денот на плаќањето. Финансиските средства и финансиските обврски се признаени во Извештајот за финансиска состојба на Друштвото на денот на кој Друштвото станува договорна страна засегната од договорните одредби на финансискиот инструмент. При иницијалното признавање Раководството ја одредува класификацијата на финансиското средство. Класификацијата зависи од целта за која е набавено финансиското средство.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.15. Финансиски инструменти (Продолжува)

Финансиските средства престануваат да бидат признаени кога Друштвото ја губи контролата врз договорните права кои се однесуваат на инструментите. Ова се случува кога правата за користење на овие инструменти се реализирани, истечени, откажани или пренесени. Финансиските обврски престануваат да бидат признаени кога Друштвото ги исполнува обврските или кога обврска за отплата е откажана или истечена.

(а) Побарувања од купувачи

Побарувањата од купувачи се искажани според нивната номинална вредност намалена за соодветните исправки за пресметани ненадоместливи износи. Исправката за оштетување на побарувањата се прикажува кога постои објективен доказ дека Друштвото нема да биде во можност да ги наплати сите доспеани исноси во согласност со оригиналните услови врз кои се настанати побарувањата. Значајните финансиски потешкотии на должникот, веројатноста должникот да влезе во процес на ликвидација или финансика реорганизација и неможност за плаќање се сметаат за индикатори дека побарувањата се оштетени.
Отписот на побарувањата се спроведува врз основа на старосната структура на побарувањата и историското искуство, и кога се оценува дека делумната или целосната наплата на побарувањето повеќе не е веројатна. Сметководствената вредност на средството се намалува преку исправка на вредноста на побарувањата и износот на трошокот се прикажува во Извештајот за сеопфатна добивка во рамките "Останати расходи"(Белешка 10). Кога побарувањето е ненаплатливо, истото се отпишува за сметка на исправка на вредноста на побарувањата. Последователните наплати на претходно отпишаните побарувања и соодветното намалување на исправката се признаваат како приход во рамките на "Останати приходи ".

(б) Кредити и заеми од банки и добавувачи

Кредитите и заемите од банки и добавувачи иницијално се мерени според примените износи (т.е. номиналната вредност). Последователно истите се вреднуваат според амортизирана набавна вредност врз основа на ефективната каматна стапка.

Обврските се класифицираат како краткорочни доколку се очекува да бидат подмирени во нормалниот деловен циклус на работењето на Друштвото, односно доколку доспеваат во период до 12 месеци од денот на Извештајот за финансиска состојба. Сите останати обврски се класифицираат како долгорочни.

(в) Оперативни обврски

Обврските кон добавувачи и останатите краткорочни обврски се мерат според вредноста на примените средства.

2.16. Пари и парични средства

Парите и паричните средства се состојат од средствата на жиро сметки, благајната и останатите високо ликвидни вложувања со иницијална доспеаност до три месеци, или помалку кои се моментално конвертибилни во познати парични износи и се изложени на незначаен ризик од промена во вредноста.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.17. Надоместоци на вработени

(а) Даноци и придонеси на вработените за социјално осигурување

Во согласност со законските прописи во Република Македонија, Друштвото е обврзано да плаќа придонеси на повеќе државни фондови за социјално осигурување. Овие обврски опфаќаат плаќања на надоместоци во име на вработените од страна на работодавачот во износи пресметани со примена на специфични, пропишани со закон стапки. Друштвото исто така е законски обврзано да задржува придонеси од бруто платите на вработените и во име на вработените

да ги уплатува задржаните износи во соодветните државни фондови. Друштвото нема законска обврска за плаќање на дополнителни придонеси на Фондот за пезиско и инвалидско осигурување на Македонија при пензионирањето. Овие обврски се искажуваат како трошок во моментот на нивно настанување.

(б) Учество на раководството во добивката

Согласно на одлуката на менаџментот, Друштвото ја признава обврската и трошокот за учество на раководството во добивката. Обврската се измирува напоредно со измирување на обврската за дивиденди.

2.18. Данок на добивка

Тековниот данок на добивка го претставува износот кој е пресметан и платен во согласност со Законот за данок на добивка кој е на сила во Република Македонија. Данокот на добивка се плаќа по стапка од 10% (2010: 10%) применета на даночната основа прикажана во годишната даночна пријава по намалувањето за одредени даночни олеснувања. Даночната основа прикажана во даночната пријава ја претставува даночно непризнатите трошоци и помалку искажаните приходи согласно одредбите во Законот за данок на добивка.

Данокот на добивка се плаќа по стапка од 10% на износот на даночно непризнатите трошоци и помалку искажаните приходи, како и при исплата на дивиденда при распределба на добивката (почнувајќи од остварената добивка за 2009 година), освен кога дивидендата се исплатува на домашно правно лице.

Одложен данок на добивка

Одложени даноци се признаваат кога се јавува разлика помеѓу сметководствената вредност на средствата и обврските во финансиските извештаи и нивната сметководствена вредност според даночната регулатива и се прикажани со користење на метода на обврски за сите времени разлики. Одложените даночни обврски се признаваат за сите одбитни времени разлики земајќи во предвид дека веројатноста одаочивата добивка ќе биде искористена наспроти одбитните времени разлики.. Во финансиските извештаи, нема времени одаочиви разлики.

2.19. Дивиденди

Дивидендите се признаваат како обврска и се одземаат од капиталот во периодот во кој биле одобрени од страна на сопствениците на Друштвото. Дивидендите за годината што се прогласуваат по датата на изготвување на Извештајот за финансиска состојба се обелоденуваат како настан по датата на Извештајот за финансиска состојба.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.20. Обелоденувања за поврзани субјекти

За целите на овие финансиски извештаи поврзани субјекти се оние кај кои едно правно лице има можност за контрола врз друго правно лице или има право да управува со финансиските и деловните операции на лицето, како што е утврдено со МСС 24 "Обелоденувања за поврзани субјекти".

Односите помеѓу Друштвото и неговите поврзани субјекти се утврдени на договорна основа и се спроведуваат според пазарни услови. Салдата на побарувањата и обврските на денот на Извештајот за финансиска состојба како и трансакциите со поврзаните субјекти настанати во извештајните периоди одделно се прикажани во белешките кон финансиските извештаи (Белешка 24).

3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ

Во нормалниот тек на спроведување на своите деловни активности Друштвото е изложено на повеќе ралични ризици со различен степен на изложеност: пазарен ризик (вклучувајќи ги: ризик од курсни разлики, каматен ризик и ценовен ризик), ликвидносен ризик и кредитен ризик.

Управувањето со ризици на Друштвото се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимализирање на потенцијалните негативни ефекти врз финансиското работење на Друштвото.

3.1. Пазарен ризик

(а) Ризик од курсни разлики

Друштвото е изложено на ризик од курсни разлики бидејќи има средства и обврски искажани во странска валута.
Друштвото нема посебна политика за избегнување на овој вид на ризик заради тоа што во Република Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид на ризик. Иако Друштвото е изложено на ризик поради промена на курсот на странските валути, таа изложеност е ограничена поради фактот дека најголем дел од трансакциите се во евра чиј валутен курс се смета за релативно стабилен.

Официјалните девизни курсеви користени за конверзија на ставките од Извештајот за финансиска состојба искажани во странска валута во денар на 31 декември 2012 и 2011 година се дадени во следниов преглед:

	Во денари	
	2012	2011
ЕУР	61,500	61,505
УСД	46,651	47,5346
ЦХФ	50,9106	50,5964

(б) Каматен ризик

Друштвото не е изложено на ризик од промени во каматните стапки, кој се однесува на заемите и позајмиците, бидејќи тие не се каматоносни..

На денот на Извештајот за финансиска состојба, Друштвото е изложено на ваков ризик кој произлегува од лизинг договорите, бидејќи тие се склучени со варијабилни каматни стапки. Овој ризик зависи од движењата на финансиските пазари и Друштвото не е обезбедено од нив.

3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ (Продолжува)

3.1. Пазарен ризик (Продолжува)

(в) Ценовен ризик

Друштвото не е изложено на ценовен ризик поврзан со основачки вложувања бидејќи нема вложувања класифицирани во Извештајот за финансиска состојба како расположливи за продажба или според објективната вредност преку искажување на капитална добивка или загуба.

Друштвото има ограничена изложеност на ценовен ризик во поглед на оперативното работење, кој се ублажува преку континуирано следење на конкуренцијата од страна на раководството, при што се врши анализа на ценовниот ризик и презема соодветни мерки.

3.2. Ликвидносен ризик

На 31 декември 2012 тековните обврски на Друштвото ги надминуваат неговите тековни средства за 45.667 илјади денари. Со оглед на тоа што најголемиот дел од обврските на Друштвото (44.960 илјади денари) се однесуваат на неговите поврзани субјекти, Друштвото располага со доволно високоликвидни средства (пари и парични средства, како и доволен паричен тек од пружените услуги) за навремено подмирување на обврските кон надворешните добавувачи.

Управувањето со ликвидносниот ризик е централизирано во Друштвото.

Друштвото не користи финансиски деривативи.

3.3. Кредитен ризик

Кредитниот ризик произлегува од пари и парични средства, депозити во банки и финансиски институции, како и од кредитна изложеност кон корпоративни и клиенти од малопродажбата, вклучувајќи ги побарувањата и обврзувањата.

Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик е лимитирана. Кредитниот ризик е управуван преку превземање на одредени мерки на ниво на Друштвото. Во случај клиентот да не ги исплати своите обврски, Друштвото престанува со извршување на услуги и продавање на производи на тој клиент. Друштвото нема концентрација на кредитен ризик бидејќи неговата база на клиенти е голема, кои имаат мало учество во таа база и не се поврзани. Со цел да ги обезбеди наплатите Друштвото ги превзема следниве мерки: компензации, тужби, вонсудски спогодби и друго.

3.4. Управување со капиталниот ризик

Друштвото има усвоен концепт за финансискиот капитал и неговото зачувување според кој капиталот е дефиниран на база на номинални парични единици.

Целите на Друштвото во врска со управувањето на капиталот се зачувување на способноста на Друштвото да продолжи да работи врз основа на претпоставката за континуитет за да се зачува оптимална капитална структура која би го намалила трошокот на капитал и би обезбедила приноси за сопствениците.

3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ (Продолжува)

3.5. Проценки на објективната вредност

Друштвото има политика за обелоденување на информации за објективната вредност на оние компоненти од средствата и обврските за кои се расположливи пазарни цени и за оние кај кои објективната вредност може значително да се разликува од сметководствена вредност. Во Република Македонија не постои доволно ниво на пазарно искуство, стабилност и ликвидност за купопродажба на побарувања и други финансиски средства или обврски и оттука за истите во моментов не се расположливи пазарни цени. Како резултат, во отсуство на активен пазар, објективната вредност не може да биде утврдена на веродостојна основа. Раководството на Друштвото ја проценува севкупната изложеност на ризик и во случаи кога проценува дека вредноста на средствата според која се евидентирани во сметководството не би можела да биде реализирана, се врши исправка на вредноста.
Раководството на Друштвото смета дека искажаните сметководсвени износи се највалидни и најкорисни извештајни вредности при постојните пазарни услови.

4. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

	2012	2011
Приходи од продажба на домашен пазар	199	133
Приходи од продажба на странски пазар	419	2.512
Вкупно	**618**	**2.645**

5. ТРОШОЦИ ЗА МАТЕРИЈАЛИ И ОДРЖУВАЊЕ

	2012	2011
Енергија и гориво	115	88
Потрошени материјали	61	155
Потрошени резервни делови	68	-
Отпис на ситен инвентар	10	-
Трошоци за одржување	5	77
Телекомуникациски трошоци и хостирање	722	854
Останати услуги	-	25
Вкупно	**981**	**1.199**

6. ПЛАТИ, НАДОМЕСТОЦИ И ДРУГИ ЛИЧНИ ПРИМАЊА

	2012	2011
Бруто плати	74	567
Вкупно	**74**	**567**

7. АМОРТИЗАЦИЈА

	2012	2011
Нематеријални средства	13.903	13.564
Недвижности, постројки и опрема	2.606	2.609
Вкупно	**16.509**	**16.173**

8. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

	2012	2011
Маркетинг	51	37
Даноци	-	3
Осигурување	134	118
Банкарски трошоци	32	30
Дневници за службен пат	111	-
Наемнини	213	409
Консултантски и останати услуги	1.401	990
Вкупно	**1.942**	**1.587**

9. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

	2012	2011
Отпис на обврски	212	1.835
Капитална добивка од продажба на имот	622	-
Наплатени отписани побарувања	-	138
Останати приходи	42	104
Вкупно	**886**	**2.077**

10. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ

	2012	2011
Исправка на вредноста на побарувањата	83	318
Вкупно	**83**	**318**

11. ПРИХОДИ/(РАСХОДИ) ОД КАМАТИ, НЕТО

	2012	2011
ПРИХОДИ ОД КАМАТИ		
Приходи од камати	-	1
Вкупно	-	1
РАСХОДИ ЗА КАМАТА		
Расходи за камати	(86)	(10)
Вкупно	(86)	(10)
Нето расходи од камати	**(86)**	**(9)**

12. ПРИХОДИ/РАСХОДИ ОД КУРСНИ РАЗЛИКИ, НЕТО

	2012	2011
ПОЗИТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ		
Позитивни курсни разлики	77	248
Вкупно	**77**	**248**
НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ		
Негативни курсни разлики	(193)	(363)
Вкупно	**(193)**	**(363)**
Негативни курсни разлики, нето	**(116)**	**(115)**

13. ДАНОК НА ДОБИВКА

	2012	2011
Добивка пред оданочување	**(18.297)**	**(15.246)**
Данок на добивка по пропишана стапка од 10%	**-**	**(36)**
Даночна основица - непризнати трошоци	138	358
Данок на добивка на непризнати трошоци	14	36
Користен даночен кредит	24	-
Данок на добивка	**-**	**(36)**

Друштвото нема направено резервирање на одложени даночни средства во овие финансиски извештаи, бидејќи Друштвото не може со разумна сигурност да го одреди нивото на даночното средство кое би се искористило во иднина.

14. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

	Основачки вложувања	Софтвер	Вкупно
Набавна вредност			
Состојба на1 јануари 2011	**523**	**133.936**	**134.459**
Набавки	-	2.507	2.507
Состојба на 31 декември 2011	**523**	**136.443**	**136.966**
Набавки во 2012	-	1.935	1.935
Состојба на 31 декември 2012	**523**	**138.378**	**138.901**
Акумулирана амортизација			
Состојба на 1 јануари 2011	**314**	**49.526**	**49.840**
Амортизација за 2011	105	13.459	13.564
Состојба на 31 декември 2011	**419**	**62.985**	**63.404**
Амортизација за 2012	104	13.799	13.903
Состојба на 31 декември 2012	**523**	**76.784**	**77.307**
Нето сегашна вредност на:			
- 31 декември 2012	**-**	**61.594**	**61.594**
- 31 декември 2011	**104**	**73.458**	**73.562**

15. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

	Опрема	Транспортни средства, мебел	Вкупно
Набавна вредност на 1 јануари 2011	**3.939**	**10.660**	**14.599**
Нови набавки во 2011 година	7	51	58
Состојба на 31 декември 2011	**3.946**	**10.711**	**14.657**
Нови набавки во 2012 година	31	35	66
Продажби во 2012 година	-	(4.389)	(4.389)
Состојба на 31 декември 2012	**3.977**	**6.357**	**10.334**
Акумулирана амортизација на 1 јануари 2011	**2.848**	**6.534**	**9.382**
Амортизација за 2011	556	2.053	2.609
Состојба на 31 декември 2011	**3.404**	**8.587**	**11.991**
Амортизација за 2012	542	2.064	2.606
Намалување/продажби	-	**(4.389)**	**(4.389)**
Состојба на 31 декември 2012	**3.946**	**6.262**	**10.208**
Нето сегашна вредност на:			
- 31 декември 2012	**31**	**95**	**126**
- 31 декември 2011	**542**	**2.124**	**2.666**

16. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

	2012	2011
Побарувања од купувачи во земјата	90	34
Побарувања од купувачи во странство	39	279
Аванси	21	100
	150	**413**
Исправка на вредност	-	(318)
Состојба на 31 декември	**150**	**95**

17. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ СРЕДСТВА И АВР

	2012	2011
Заеми	12	647
Даноци	636	433
Побарувања од вработени	210	222
АВР	74	96
Состојба на 31 декември	**932**	**1.398**

18. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

	2012	2011
Жиро сметки	9	366
Девизна сметка	24	24
Благајна	35	20
Состојба на 31 декември	**68**	**410**

19. КАПИТАЛ

Друштвото претставува акционерско друштво. Бројот на акционери изнесува 105, пришто мнозински сопственик е управителот на Друштвото со учество од 74,46% од вкупните издадени акции.

20. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

	2012	2011
Долгорочни обврски - финансиски лизинг	-	1.203
Состојба на 31 декември	**-**	**1.203**

Долгорочните финансиски обврски за претходната 2011 година се однесува на финансиски обврски по склучени четири договори за финансиски лизинг со Хипо Гроуп Алпе Адриа Леасинг ДООЕЛ Скопје за набавка на три патнички возила и компјутерска опрема. Обврските врз основа на овие склучени договори за лизинг во целост доспеваат во текот на 2013 година.

21. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ

	2012	2011
Заеми од поврзани субјекти-физички лица	11.378	32.122
Обврски по финансиски лизинг	666	1.444
Заеми од странски правни лица	-	6.173
Заеми од домашни правни лица	32.100	-
Состојба на 31 декември	**44.144**	**39.739**

Краткорочните финансиски обврски за финансиски лизинг се врз основа на четири склучени договори за финансиски лизинг за набавка на три патнички возила и компјутерска опрема преку лизинг аранжман со Хипо Гроуп Алпе Адриа Леасинг ДООЕЛ Скопје кои доспеваат за исплата во текот на 2013 година.

Во 2012 година друштвото користи денарски заеми од две домашни правни лица на вкупен износ од 32.100 илјади денари и тоа од: 1) Аскот Лимитед ДОО Скопје на вкупен износ од 1.345 илјади денари со 3 години рок на враќање без камата и 2) Бордерлес Трејдинг Европа ДООЕЛ Скопје на вкупен износ од 30.755 илјади денари со 3 години рок на враќање, без камата.

Друштвото користи заеми од поврзани субјекти-акционери на вкупен износ од 11.378 илјади денари со рок на враќање 3 година.

22. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ

	2012	2011
Обврски кон добавувачи во земјата	386	550
Примени аванси	151	155
Состојба на 31 декември	**537**	**705**

23. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ И ПВР

	2012	2011
Обврски кон државата	418	1.147
Нето плати	104	76
Даноци и придонеси од плати	49	37
Одложени приходи	75	125
Останати обврски кон вработени	8	-
Останати обврски - менаџерски договори	1.483	750
Состојба на 31 декември	**2.137**	**2.135**

24. ОБЕЛОДЕНУВАЊЕ ЗА ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

Салдата на побарувањата и обврските на 31 декември 2012 и 2011, кои произлегуваат од трансакциите со поврзаните субјекти на Друштвото се дадени во следниот преглед:

	2012	2011
ДАДЕНИ ПОЗАЈМИЦИ		
Исис Инвестментс - салдо	-	626
Вкупно	**-**	**626**

	2012	2011
ПРИМЕНИ ПОЗАЈМИЦИ		
Raymond Power - салдо	11.256	31.970
Simon Beamish- салдо	122	152
Аскот Лимитед ДОО Скопје	1.345	-
Бордерлес Трејдинг Европа ДООЕЛ Скопје	30.755	-
Вкупно	**43.478**	**32.122**

	2012	2011
ОБВРСКИ ЗА МЕНЏЕРСКИ НАДОМЕСТОЦИ		
Raymond Power - салдо	1.483	741
Вкупно	**1.483**	**741**

	2012	2011
ТРОШОЦИ ЗА МЕНАЏЕРСКИ НАДОМЕСТОЦИ		
Трошоци за периодот	536	324
Капитализирани трошоци	206	603
Вкупно	**742**	**927**

25. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

Не постојат материјални последователни настани, кои би имале влијание врз разбирањето на финансиските извештаи

ИДЕВЕЛОП АД СКОПЈЕ

Финансиски извештаи
за годината која завршува на 31 Декември 2011
во согласност со МСФИ
и
Извештај на независниот ревизор

Јуни 2012

BDO

СОДРЖИНА

	Страна
ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР	1 - 2
ИЗЈАВА НА РАКОВОДСТВОТО	3
ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ	
Извештај за сеопфатна добивка	4
Извештај за финансиска состојба	5
Извештај за промени во капиталот	6
Извештај за паричните текови	7
Белешки кон финансиските извештаи	8 - 31

До акционерите на
ИДЕВЕЛОП АД, СКОПЈЕ

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на "ИДЕВЕЛОП" АД - Скопје, (во понатамошниот текст: Друштвото), кои се состојат од Извештајот за финансиска состојба со состојба на 31 декември 2011 година, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промените на капиталот и Извештајот за паричните текови за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и примена на соодветни сметководствени проценки зависно од околностите.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја спроведовме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјлно погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама и грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни со околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

БДО ДОО Скопје е трговско друштво основано во Република Македонија, членка на BDO International Limited, компанија со ограничена одговорност со седиште во Велика Британија. БДО ДОО Скопје е дел од меѓународната БДО мрежа на независни фирми членки.

БДО е бренд име за БДО мрежата и за секоја фирма членка.

До акционерите на
ИДЕВЕЛОП АД, СКОПЈЕ

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува)

Мислење на ревизорот

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите значајни аспекти, финансиската состојба на друштвото на ден 31 декември 2011 година, како и финансиските резултати и неговите паричните текови за годината која завршува на тој ден, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Пасус за обрнување на внимание

Ние обрнуваме внимание на белешка 3.2 кон финансиските извештаи. За годината која завршува на 31 декември 2011 тековните обврски на Друштвото ги надминуваат неговите тековни средства за 40.676 илјади денари. Во моментот оваа состојба не ја загрозува претпоставката за континуитет во работењето, ниту ликвидноста, со оглед на тоа што најголем дел од обврските на Друштвото се однесуваат на поврзаните субјекти, (75% од вкупните обврски на Друштвото на 31 декември 2011 година), финансирајќи го дефицитот на паричните текови на Друштвото и проширување на финансиската поддршка кон Друштвото, со цел да се овозможи Друштвото да ги извршува своите операции и да ги исполнува своите обврски кон трети страни како што достасуваат и да го продолжи своето работење без значајно намалување на своите операции. Во врска со ова нашето мислење не е квалификувано.

Скопје, 19 јуни 2012 година

Елена Петровска-Лазаревски
Овластен ревизор

Друштво за ревизија БДО LBDO ДОО Скопје

Драган Димитров
Управител

ИЗЈАВА НА РАКОВОДСТВОТО

Раководството на Друштвото е одговорно за изготвување на финансиските извештаи кои реално и објективно ја прикажуваат состојбата на Друштвото за финансискиот период кој завршува на тој ден како и на финансискиот резултат и паричните текови за периодот кој завршува на тој ден, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување како и законските прописи важечки во Република Македонија. Раководството исто така има генерална обврска за имплементирање на процеси и контроли со цел зачувување на средствата на Друштвото како и детектирање и заштита од измами и други неправилности.

Раководството на Друштвото смета дека при изготвувањето на финансиските извештаи прикажани на страните 4 до 31, користени се соодветни сметководствени политики, конзистентно применети и поддржани со разумни и внимателни расудувања и проценки во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Во име на раководството на
"ИДЕВЕЛОП" АД СКОПЈЕ

Raymond Power
Управител

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
За годината која завршува на 31 Декември 2011
Во илјади денари

	Белешка	2011	2010
Приходи од продажба	4	2.645	14.006
Вкупно оперативни приходи		**2.645**	**14.006**
Трошоци за материјали и одржување	5	(1.199)	(3.706)
Плати, надоместоци и други лични примања	6	(567)	(493)
Амортизација	7	(16.173)	(15.643)
Останати оперативни трошоци	8	(1.587)	(4.423)
Вкупно оперативни трошоци		**(19.526)**	**(24.265)**
ОПЕРАТИВНА ЗАГУБА		**(16.881)**	**(10.259)**
ДРУГИ ПРИХОДИ/(РАСХОДИ)			
Останати приходи	9	2.077	82
Останати трошоци	10	(318)	(1.887)
Нето други приходи		**1.759**	**(1.805)**
ЗАГУБА ОД РАБОТЕЊЕТО		**(15.122)**	**(12.064)**
ПРИХОД/(РАСХОД) ОД ФИНАНСИРАЊЕ			
Приходи/(расходи) од камати, нето	11	(9)	(15)
Приходи/(расходи) од курсни разлики, нето	12	(115)	(254)
Нето расходи од финансирање		**(124)**	**(269)**
ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ		**(15.246)**	**(12.333)**
Данок на добивка	13	(36)	(204)
ЗАГУБА ЗА ГОДИНАТА		**(15.282)**	**(12.537)**

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Друштвото и се потпишани во негово име од страна на Управителот:

Raymond Power

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА
За годината која завршува на 31 Декември 2011
Во илјади денари

	Белешка	2011	2010
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Нематеријални средства	14	73.562	84.619
Недвижности, постројки и опрема	15	2.666	5.218
		76.228	**89.837**
Тековни средства			
Побарувања од купувачи	16	95	817
Останати тековни средства и АВР	17	1.398	1.231
Пари и парични еквиваленти	18	410	306
		1.903	**2.354**
ВКУПНИ СРЕДСТВА		**78.131**	**92.191**
КАПИТАЛ И ОБВРСКИ			
Капитал			
Акционерски капитал	19	121.956	121.956
Резерви		114	114
Акумулирана загуба		(72.439)	(59.902)
Загуба за годината		(15.282)	(12.537)
		34.349	**49.631**
Нетековни обврски			
Долгорочни обврски	20	1.203	2.647
		1.203	**2.647**
Тековни обврски			
Краткорочни финансиски обврски	21	39.739	28.551
Обврски кон добавувачи	22	705	2.761
Останати тековни обврски и ПВР	23	2.135	8.601
		42.579	**39.913**
ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ		**78.131**	**92.191**

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Друштвото и се потпишани во негово име од страна на Управителот:

Raymond Power

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ
За годината која завршува на 31 декември 2011
Во илјади денари

	Капитал	Резерви	Акумулирана загуба	Вкупно
Состојба на 1 Јануари 2010	121.956	114	(59.902)	62.168
Загуба за тековната година	-	-	(12.537)	(12.537)
Состојба на 31 Декември 2010	121.956	114	(72.439)	49.631
Загуба за тековната година	-	-	(15.282)	(15.282)
Состојба на 31 Декември 2011	121.956	114	(97.721)	34.349

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
За годината која завршува на 31 декември 2011
Во илјади денари

	2011	2010
ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ		
Загуба пред оданочување	**(15.246)**	**(12.333)**
Усогласувања на загубата за нето паричните текови од оперативни активности:		
Амортизација	16.173	15.643
Приходи од отпис на обврски	(1.835)	(82)
Исправка на вредност на побарувања	318	1.884
Промени во оперативните средства и обврски:		
Зголемување/(намалување) на тековните средства:		
Побарувања од купувачи	404	(1.703)
Останати побарувања и АВР	(167)	158
Зголемување/(намалување) на тековните обврски:		
Обврски кон добавувачи	(222)	1.184
Останати обврски и ПВР	(6.501)	2.156
Нето паричен тек од оперативни активности	**(7.076)**	**6.907**
ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ		
Набавка (продажба)на нематеријални средства	(2.507)	(5.083)
Набавка (продажба)на недвижности, постројки и опрема	(58)	(5)
Нето паричен тек од инвестициони активности	**(2.565)**	**(5.088)**
ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ		
Краткорочни финансиски обврски и позајмици	9.744	(1.605)
Нето паричен тек од финансиски активности	**9.744**	**(1.605)**
Нето зголемување /(намалување) на паричните средства	103	214
Пари и парични средства на почетокот на годината	306	92
Пари и парични средства, крај на годината	**409**	**306**

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

1. КОРПОРАТИВНИ ПОДАТОЦИ

Акционерското друштво "ИДЕВЕЛОП" АД, Скопје (во понатамошниот текст "Друштвото") е основано во Македонија. Друштвото е регистрирано со решение на Централен регистер на РМ од 22.06.2001 година.

Основна дејност на Друштвото претставува понуда на софтвер и други консултации.

Номиналната вредност на капиталот на Друштвото изнесува 121.956.000 денари (1.983.000 евра), односно вкупниот број на акции изнесува 1.983.000 со номинална вредност по акција во износ од 1 евро.

Седиштето на Друштвото се наоѓа на ул. Франц Месеснел бр.5-А Скопје.

На 31 Декември 2011 година, Друштвото имало 3 вработени (31 декември 2010: 6 вработени).

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

2.1. Основа за изготвување

Приложените финансиски извештаи се изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени во Република Македонија во Правилникот за сметководство (Сл.Весник 159/2009) и применливи од 1 Јануари 2010 година, вклучувајќи ги Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) и Интерпретациите издадени од Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди (ОМСС) и Комитетот за толкување на Меѓународни стандарди за финансиско известување (КТМСФИ), последователно.

Финансиските извештаи се изготвени со примена на методата на набавна вредност и принципот на континуитет во работењето.

Овие финансиски извештаи ги опфаќаат побарувањата, обврските, оперативните резултати, промените во капиталот и паричните текови на Друштвото како посебен ентитет.

При изготвувањето на овие финансиски извештаи, Друштвото се придржуваше кон сметководствените политики опишани во Белешка 2. Сметководствените политики применети во овие финансиски извештаи се конзистентни со политиките применувани за годишните финансиски извештаи за фискалната 2010 година.

Финансиските извештаи на Друштвото се изразени во илјади денари. Денарот претставува официјална известувачка валута на Друштвото. Сите други трансакции во валута различна од официјалната се сметаат за трансакции во странска валута.

При подготвувањето на овие финансиски извештаи, Друштвото се придржуваше кон основните сметководствени политики објаснети во понатамошниот текст. Овие политики се конзистентни со политиките користени при подготвката на финансиските извештаи за сите претходните години, освен доколку не е поинаку назначено.

Подготвувањето на финансиските извештаи во согласност МСФИ, бара примена на одредени сметководствени проценки. Исто така бара од раководството да примени расудување во процесот на примена на сметководствените политики на Друштвото. Деловите кои вклучуваат повисок степен на расудување и компексност, или пак делови каде што претпоставките и проценките се значајни за финансиските извештаи се обелоденети во белешка 2.2

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.1. Основа за изготвување (Продолжува)

(а) Нови стандарди, измени и толкувања кон постоечките стандарди, валидни во тековниот период на известување

Примената на следниве нови и изменети стандарди и толкувањата на КТМСФИ на постоечките стандарди задолжителни за првична примена за финансиската година започнувајќи на 1 јануари 2011 година, не резултираа во значајни промени во сметководствените политики на Друштвото и немаат влијание на придружните финансиски извештаи на Друштвото:

- Ревидиран МСС 24 „Обелоденување на поврзани субјекти„ - Симплифицирани барања за обелоденување за владини поврзани субјекти и разјаснување на дефиницијата за поврзан субјект. Усвојувањето на измената нема никакво влијание на финансиската состојба или успешност на Друштвото.

- Измени кон МСС 32 " Финансиски инструменти: Презентација" - Класификација на издавање на права. Оваа измена се однесува издадените права понудени за фиксен износ во странска валута кои имаа третман како деривативни обврски според постоечкиот стандард. Измените наведуваат дека доколку одредени критериуми се исполнат, истите треба да се класифицираат како капитал независно од валутата во која е деноминирана цената за извршување. Измената нема никакво влијание на финансиската состојба или успешност на Друштвото.

- Измена кон МСФИ 1 " Првично усвојување на Меѓународните стандарди за финансиско известување" - Ограничено оградување од Компаративниот МСФИ 7 Обелоденување за првични усвојувачи. Овие измени не се релевантни за Друштвото, бидејќи е постоечки изготвувач согласно МСФИ.

- Измени кон КТМСФИ 14" МСС 19 - Ограничувањето на средство за дефинирани користи, барања за минимално финансирање и нивна поврзаност" - Претплати на барања за минимално финансирање. Измените се применуваат во ограничени околности: кога ентитетот е предмет на барања за минимално финансирање и извршува претплати на придонеси за покривања на овие барања. Измените дозволуваат ентитетот овие бенефити од овие претплати да ги третира како средства. Овие измени не се релевантни за Друштвото, поради отсуство на вакви договори.

- КТМСФИ 19 "Разграничување на финансиски обврски од капитални инструменти". Ова толкување ги разјаснува барањата на МСФИ кога ентитетот повторно ги договара условите на финансиските обврски со своите кредитори и кредиторите прифаќаат да примат акции од ентитетот или друг инструмент на капитал за подмирување на финансиски обврски во целост или парцијално. Толкувањето нема влијание на финснсиските извештаи на Друштвото.

- Измени на повеќе стандарди и толкувања (МСФИ 1, МСФИ 3, МСФИ 7, МСС 1, МСС 21, МСС 28, МСС 31, МСС 34 и КТМСФИ 13), кои се дел од годишниот проект на ОМСС за подобрување на МСФИ објавени во мај 2010. Овие измени резултираат примарно на отстранување на неконзистентности и терминолошки или уреднички промени. Датите на важност варираат од стандард до стандард но повеќето се важечки за годишните периоди кои почнуваат на или по 1 јули 2010 година или 1 јануари 2011 година. Усвојувањето на овие измени не доведува до значајни промени во сметководствените политики на Друштвото и немаат материјален влијание на финансиската состојба или успешност на Друштвото.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.1. Основа за изготвување (Продолжува)

(б) Нови стандарди, измени и толкувања кон објавените стандарди кои сеуште не се валидни и не биле претходно применети од страна на Друштвото

Следниве нови и изменети стандарди и толкувања на КТМСФИ беа издадени, но не и валидни за примена за финансиската година која започнува од 1 јануари 2011 година. Истите не се порано прифатени и Друштвото е во процес на проценка на потенцијалното влијание, доколку постои, на финансиските извештаи. Друштвото има намера да ги прифати овие стандарди кога истите ќе станат валидни.

- Измени кон МСС 1 "Презентирање на финансиски извештаи"- Останата сеопфатна добивка (стануваат валидни за годишните периоди кои започнуваат на 1 јули 2012 или по тој датум)
- Измени кон МСС 12 " Даноци на добивка" - Одложен данок: Повраток на скриени средтва (стануваат валидни за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2012 или по тој датум)
- Ревидиран МСС 19 " Корист за вработените" (станува валиден за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2013 или по тој датум)
- Ревидиран МСС 27 "Консолидирани и посебни финансиски извештаи" (станува валиден за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2013 или по тој датум)
- Ревидиран МСС 28 "Вложувања во придружени ентитети" (станува валиден за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2013 или по тој датум)
- Измени кон МСФИ 1 "Привично усвојување на Меѓународните стандарди за финансиско известување" - Сериозна хиперинфлација и отстранување на фиксни датуми за првичните усвојувачи на МСФИ (стануваат валидни за годишните периоди кои започнуваат на 1 јули 2011 или по тој датум)
- Измени кон МСФИ 7 "Финансиски инструменти: обелоденувања" - Трансфер на финансиски средства (стануваат валидни за годишните периоди кои започнуваат на 1 јули 2011 или по тој датум)
- МСФИ 9 "Финансиски инструменти" (станува валиден за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2013 или по тој датум). Овој стандард се однесува на класификацирање и мерење на финансиските средства.
- МСФИ 10 "Консолидирани финансиски извештаи" (станува валиден за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2013 или по тој датум).
- МСФИ 11 "Заеднички договори" (станува валиден за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2013 или по тој датум).
- МСФИ 12 " Обелоденување на удели во други ентитети" (станува валиден за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2013 или по тој датум).
- МСФИ 13" Мерење на фер вредност" (станува валиден за годишните периоди кои започнуваат на 1 јануари 2013 или по тој датум).

Менаџментот на Друштвото го проценува влијанието на овие нови стандарди, измени и толкувања кои стануваат валидни и смета дека нивната со нивната примена не се очекува да има материјално влијание на финансиските извештаи на Друштвото во периодот од нивната првична примена.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.2. Користење на проценки

Изготвувањето на финансиските извештаи во согласност со МСФИ бара од Раководството на Друштвото употреба на проценки и претпоставки кои влијаат на прикажаните износи на средствата и обврските и обелоденувањето на неизвесни средства и обврски на денот на финансиските извештаи, како и на приходите и трошоците во извештајниот период. Овие проценки и претпоставки се засновани на информациите достапни на датумот на изготвувањето на Извештајот за финансиска состојба. Актуелните резултати можат да се разликуваат од овие проценки.

Овие проценки се разгледуваат периодично и промените во проценките се прикажуваат во периодите во кои истите стануваат познати.

Најзначајната употреба на расудувања и проценки, кои се обелоденети во прегледот на значајни сметководствени политики и соодветните објаснувачки белешки се однесуваат на оштетувањето на финанските и нефинансиските средства.

2.3. Споредливи износи

Споредливите износи ги претставуваат ревидираните финансиски извештаи за годината која завршува на 31 декември 2010 година.

2.4 Приходи

Приходите се искажани според објективната вредност на примените средства или побарувања, намалени за одобрените дисконти и данокот на додадена вредност. Приходот е искажан во моментот кога договорените услуги се извршени, односно производите се испорачани.

2.5. Расходи

Расходите се прикажуваат врз принципот на пресметковна основа (фактурирана реализација).

2.6. Лизинг

Лизингот каде што Друштвото ги пренесува сите ризици и приноси кои се поврзани со сопственоста на средството врз корисникот на лизингот се класифицира како финансиски лизинг.

Оперативниот лизинг е лизинг кој не ефинансиски лизинг. Приходите поврзани со оперативниот лизинг се признаваат во периодот за кој се однесуваат.

Оперативниот лизинг се однесува на изнајмување на деловни простории, магацини и други трошоци за закупнина. Гореспоменатите трошоци се искажани во Извештајот за сеопфатна добивка во моментот кога таквите трошоци настануваат, во согласност со важечките договори за оперативен лизинг.

2.7. Одржување и поправки

Трошоците за одржувањето и поправките на недвижностите, постројките и опремата се прикажуваат како трошоци во моментот на нивно настанување во ефективни износи, и се признаваат во Извештајот на сеопфатна добивка на Друштвото.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.8. Трошоци на позајмување

Трошоците на позајмување се евидентираат како расходи во периодот во кој настануваат, освен оние кои се капитализирани.

Трошоците за позајмиците директно припишани на стекнување, изградба или производство на средства кои се квалификуваат согласно со МСС 23, се капитализираат како составен дел од набавната вредност, односно цената на чинење на средството.

Капитализацијата на трошоците од позајмици се врши во случај на изградба на објект или некое друго средство на кое му е потребен значителен временски период за да биде подготвено за употреба или продажба.

Капитализација на трошоците од позајмици се врши и за залихи за кое е потребен значителен временски период за да се подготват за продажба.

Капитализација на трошоците од позајмици се врши од почетокот на периодот на вложување во средството до моментот кога се завршени сите активности кои се неопходни за средството да се подготви за планираната употреба или продажба.

2.9. Конвертирање во странска валута и сметководственио третман на позитивните / негативните курсни разлики и ефектот од примената на девизна клаузула

Ставките во Извештајот за финансиска состојба и Извештајот за сеопфатна добивка искажани во финансиските извештаи се вреднуваат со користење на валутата од примарното економско окружување (функционална валута). Како што е обелоденето во Белешка 2.1, придружните финансиски извештаи се прикажани во илјади денари (МКД), кои претставуваат функционална и официјална извештајна валута на Друштвото.

Компонентите на средствата и обврските искажани во странска валута се конвертирани во денари според официјалниот девизен курс на денот на составување на Извештајот за финансиска состојба (Белешка 3.1.)

Трансакциите во странски валути се конвертирани во денари според официјалниот девизен курс на денот на секоја трансакција.

Позитивните и негативните курсни разлики кои произлегуваат од конвертирањето на средствата, обврските и трансакциите се соодветно искажани како приход / расход во Извештајот за сеопфатна добивка.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.10. Материјални средства

Средствата се признаваат како матерјални средства доколку:

- имаат физичка содржина
- носат неспорни идни економски користи, односно приливи
- нивната вредност лесно веродостојно е мерлива и е поголема од 300 евра во денарска противвредност
- имаат век на траење подолг од една година
- Друштвото ги контролира како резултат на некои минати настани и истите може да ги отуѓи

Како матерјални средства Друштвото ќе ги идентификува општо прифатените матерјални средства како што се:
- Недвижности и вложувања во недвижности
- Постројки
- Опрема

Друштвото во момент на стекнување на матерјалното средство истото го евидентира по неговата набавна вредност или неговата објективна пазарна вредност во моментот на стекнување. Објективна пазарна вредност на матерјалното средство е неговата комерцијална вредност, односно онаа вредност по која истото може објективно да се оттуѓи и истата може да биде валуирана од независни проценители или вештаци.

Матерјалното средство Друштвото може почетно да го стекне преку:
- Одделно стекнување, директна набавка
- Преку деловна комбинација
- Преку Државна поддршка
- Преку размена на средства
- Преку интерно создавање

Во случај на „одделно стекнување, директна набавка„ почетната набавната вредност ја опфаќа набавната цена, сите увозни давачки, неповратни даноци и такси, сите трошоци потребни за доведување на средството во работна состојба (транспорт,монтажа,тестирање и сл.), трошоците за вработени и професионални надоместоци за доведување на матерјалното средство во позиција да може да носи економски користи. Трговските попусти и рабати ја намалуваат почетната набавна вредност.

Во случај на стекнување преку „деловна комбинација„ , „државна поддршка„ и „размена на средства„ , почетната набавна вредност на матерјалното вложување е заснована на неговата објективна пазарна вредност на денот на стекнување и која треба веродостојно да се измери и потврди од страна на овластен и професионален проценител.

Во случај на стекнување преку „ интерно создавање„ , почетната набавна вредност на матерјалното средство ја сочинуваат сите тековни трошоци и набавки на матерјали и суровини кои директно настанале заради создавање на тоа матерјално средство се до моментот на доведување на средството во позиција да може да носи економски користи. Како тековни трошоци кои ја формираат набавната вредност на матерјалното вложување стекнато преку интерно создавање се класифицираат оние набавки кои настанале заради и само заради процесот на создавање на матерјалното средство и трошоците за ангажирани човечки ресурси кои се директно или делумно инволвирани во процесот на создавање , соодветно на нивниот

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.10. Материјални средства (Продолжува)

ангажман . Тековните трошоци кои настанале поради или се директно поврзани со создавањето на материјалното средство треба да бидат реално и објективно измерени со примена на разбирливи , логични и општо прифатени методи, со изземање на абномарлните некорисни трошења на материјали и труд и одобрени со донесување на посебен Акт.

Трошоци кои се директно поврзани со создавање на материјалното средство ја формираат неговата набавната вредност преку процес на капитализација во моментот на нивното настанување или периодично доколку создавањето е во тек.

Сите трошоци на финансирање за стекнување со материјалното средство на било кој начин (камати по кредити, банкарски провизи и сл.) кои се направени до моментот на неговото ставање во употреба, се капитализираат и ја зголемуваат неговата почетна набавна вредност, освен курсните разлики кои се евидентираат како трошоци за периодот.

Трошоците за промотивни активности и рекламирање поврзани со материјалното средство и постигнување на економски бенефити не ја зголемуваат неговата набавна вредност и се евидентираат како трошоци за периодот.

Секое стекнување на материјално средство се евидентира како инвестиција во тек се до моментот кога средството е целосно подготвено и треба да биде ставено во функција и позиција да носи економски користи. Ставањето на средството во функција на економски користи се препознава како момент на активирање на средството или ставање во употреба.

Од денот на активирање на материјалното средство, истото почнува да се амортизира од следниот календарски месец по месецот во кој е ставено во употреба, со примена на праволиниска метода, а по стапка согласно претпоставениот векот на траење на средството. Основица за примена на стапка на амортизација е набавната вредност на средството.

Еднаш активираното материјално средство подлежи на амортизација до крајот на неговиот век на траење.

Векот на траење на материјалното средство односно годишната стапка на амортизација по која истото ќе се амортизира се одредува во моментот на активирање на истото со донесување на посебен Акт. Во спротивно се применува најкраткиот рок на времетраење на средството, односно највисоката годишна амортизациона стапка.

Одреденот век на траење на средството може да се менува со донесување на посебен Акт, а поради настанати значителни промени кои влијаат на промена на векот на траење на тоа средство.

Едно веќе стекнато и активирано материјално средство може да ја зголеми својата вредност по пат на дополнителни вложувања и набавки ако истите го продолжуваат векот на траење на средството, значително влијаат на зголемување на неговиот капацитет , ги намалува трошоците на производство или го подобрува квалитетот на производот.

Додадената вредност на веќе постоечко и активирано материјално средство подлежи на амортизација по исти стапки како и првично набавеното материјално средство.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.10. Материјални средства (Продолжува)

Матерјалните средства во Финансиските извештаи се прикажуваат по нивната сегашна вредност, односно нивната набавна вредност намалена за амортизацијата за периодот од активирањето до презентирањето и било какви загуби заради обезвреднување.

Доколку за времетраењето на рокот на употреба на средството, значително се намалат неговите економски користи или истите целосно се изгубат, матерјалното средство може целосно да се амортизира за преостанатата вредност или да се пренамени за продажба доколку се процени дека истата е можна.

Матерјалните средства кои ќе се наменат за продажба, ќе се евидентираат по нивната сегашна вредност намалена за претпоставените трошоци на продажба. Амортизацијата во таков случај престанува да се пресметува. Друштвото донесува посебен Акт за состојби опишани и регулирани со овој параграф.

Матерјалните вложувања, особено вложувањата во недвижности, кои првично се признаваат и евидентираат по трошочниот модел, односно по нивната набавна вредност зголемена за трансакциските трошоци, по алтернативна постапка можат да се вреднуваат по нивната објективна пазарна вредност.

Алтернативната постапка е неопходна при големи отстапувања на евидентираната вредност од објективната пазарна вредност.Во ваков случај загубата или добивката настаната поради промена на вредноста се вклучува во нето добивката, односно нето загубата за периодот во кој настанала.

2.11. Нематеријални средства

Средствата кои немаат физичка содржина, но кои можат да се идентификуваат како средства кои ќе донесат идни економски користи односно приливи и чија вредност може веродостојно да биде измерена, а кои Друштвото ги контролира како резултат на некои минати настани и истите може да ги отуѓи, се признаваат како нематерјални средства.

Како нематерјални средства Друштвото ќе ги идентификува општо прифатените нематерјални средства како што се:
- Компјутерски софтвер
- Концесии, Патенти и Лиценци
- Научни и стручни знаења (кнoв хов)
- Основачки издатоци
- Авторски и други права, Трговски марки и друга Интелектуална сопственост
- Права за сервисирања и учество на пазари
- Дозволи, Квоти, Франшизи и Маркетиншки права
- Востановени бизнис релации и бизнис лојалности кои носат економски бенефити

Издатоците за истражување и развој не се признаваат како нематерјални средства, туку се признаваат како расходи во моментот на нивното настанување .

Друштвото во момент на стекнување на нематерјалното средство истото го евидентира по неговата набавна вредност или неговата објективна пазарна вредност во моментот на стекнување . Објективна пазарна вредност на нематерјалното средство е неговата комерцијална содржина, односно онаа вредност по која истото може објективно да се оттуѓи и истата може да биде валуирана од независни проценители или вештаци.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.11. Нематеријални средства (Продолжува)

Нематерјалното средство Друштвото може почетно да го стекне преку:
- Одделно стекнување, дирекна набавка
- Преку деловна комбинација
- Преку Државна поддршка
- Преку размена на средства
- Преку интерно создавање

Во случај на „одделно стекнување, дирекна набавка„ почетната набавната вредност ја опфаќа набавната цена, сите увозни давачки, неповратни даноци и такси, евентуално потребни трошоци за тестирање, трошоците за вработени и професионални надоместоци за доведување на нематерјалното средство во позиција да може да носи економски користи. Трговските попусти и рабати ја намалуваат почетната набавна вредност.

Во случај на стекнување преку „деловна комбинација„ , „државна поддршка„ и „размена на средства„ , почетната набавна вредност на нематерјалното вложување е заснована на неговата објективна пазарна вредност на денот на стекнување и која треба веродостојно да се измери и потврди од страна на овластен и професионален проценител.

Во случај на стекнување преку „ интерно создавање„ , почетната набавна вредност на нематерјалното средство ја сочинуваат сите тековни трошоци кои дирекно настанале заради создавање на тоа нематерјално средство се до моментот на доведување на средството во позиција да може да носи економски користи. Како тековни трошоци кои ја формираат набавната вредност на нематерјалното вложување стекнато преку интерно создавање се класифицираат оние набавки кои настанале заради и само заради процесот на создавање на нематерјалното средство и трошоците за ангажирани човечки ресурси кои се дирекно или индирекно инволвирани во процесот на создавање, целосно или делумно, соодветно на нивниот ангажман.

Тековните трошоци кои настанале поради или се дирекно поврзани со создавањето на нематерјалното средство треба да бидат реално и објективно измерени со примена на разбирливи , логични и општо прифатени методи и одобрени со донесување на посебен Акт. Трошоци кои се дирекно поврзани со создавање на нематерјалното средство ја формираат неговата набавната вредност преку процес на капитализација во моментот на нивното настанување или периодично доколку создавањето е во тек.

Сите трошоци на финансирање за стекнување со нематерјалното средство на било кој начин (камати по кредити, банкарски провизи и сл.) кои се направени до моментот на неговото ставање во употреба, се капитализираат и ја зголемуваат неговата почетна набавна вредност, освен курсните разлики кои се евидентираат како трошоци за периодот.

Трошоците за промотивни активности и рекламирање поврзани со нематерјалното средство и постигнување на економски бенефити не ја зголемуваат неговата набавна вредност и се евидентираат како трошоци за периодот.

Секое стекнување на нематерјално средство се евидентира како инвестиција во тек се до моментот кога средството е целосно подготвено и треба да биде ставено во функција и позиција да носи економски користи. Ставањето на средството во функција на економски користи се препознава како момент на активирање на средството или ставање во употреба.

Од денот на активирање на нематеријалното средство, истото почнува да се амортизира од следниот календарски месец по месецот во кој е ставено во употреба, со примена на праволиниска метода, а по стапка согласно претпоставениот векот на траење на средството. Основица за примена на стапка на амортизација е набавната вредност на средството.

Гудвилот кој произлегува од претходни деловни комбинации не се амортизира туку се тестира заради обезвреднување согласно МСС 36.

Еднаш активираното нематеријално средство подлежи на амортизирање до крајот на неговиот век на траење.

Векот на траење на нематеријалното средство односно годишната стапка на амортизација по која истото ќе се амортизира се одредува во моментот на активирање на истото со донесување на посебен Акт. Во спротивно се применува најкраткиот рок на времетраење на средството, односно највисоката годишна амортизациона стапка. Одреденият век на траење на средството може да се менува со донесување на посебен Акт, а поради настанати значителни промени кои влијаат на промена на векот на траење на тоа средство.

Едно веќе стекнато и активирано нематеријално средство може да ја зголеми својата вредност по пат на:

- унапредување и развој доколку тоа значително ги зголемува идните економски користи од тоа средство, при што вредноста се зголемува за тековните трошоци направени за развој и унапредување на истото по принципи и постапки регулирани со оваа политика.
- ревалуација на објективната пазарна вредност доколку настанат значајни и трајни поместувања на пазарните околности и доколку тоа значително влијае за зголемување на идните економски користи, а по принципи и правила регулирани со оваа политика.
- дополнителни набавки поврзани со веќе постоечко нематеријално средство кои значително ќе влијаат за зголемување на идните економски користи од истото и/или го зголемуваат времетраењето на средството.

Додадената вредност на веќе постоечко и активирано нематеријално средство подлежи на амортизација по исти стапки како и првично набавеното нематеријално средство чија вредност ја зголемува и тоа поединечно, во рок и на начин регулиран со оваа политика.

Нематеријалните средства во Финансиските извештаи се прикажуваат по нивната сегашна вредност, односно нивната набавна вредност намалена за амортизацијата за периодот од активирањето до презентирањето и било какви загуби заради обезвреднување.

Доколку за времетраењето на рокот на употреба на средството, значително се намалат неговите економски користи или истите целосно се изгубат, нематеријалното средство може целосно да се амортизира за преостанатата вредност или да се пренамени за продажба доколку се процени дека истата е можна.

Нематеријалните средства кои ќе се наменат за продажба, ќе се евидентираат по нивната сегашна вредност намалена за претпоставените трошоци на продажба. Амортизацијата во таков случај престанува да се пресметува.Друштвото донесува посебен Акт за состојби опишани и регулирани со овој параграф.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.12. Амортизација

Амортизацијата на недвижностите и опремата и нематеријалните средства се пресметува правопропорционално за да набавната вредност на средствата целосно се отпише во нивниот проценет корисен век. Амортизацијата на недвижностите и опремата и нематеријалните средства се врши според стапки засновани на проценетиот корисен век на средствата од страна на Раководството на Друштвото. Компететните оддели во Друштвото периодично го проценуваат корисниот век на недвижностите и опремата.
Пропишаните годишни стапки на амортизација што се користат за одделните групи на недвижности и опрема и нематеријални средства се како што следува:

- компјутерски софтвер, од 5 - 10 години (10% - 20% годишна амортизација)
- Концесии и Лиценци , од 5 - 10 годиини (10% - 20% годишна амортизација) или во зависност од нивното траење
- Патенти, Научни и стручни знаења(кнов хов), авторски и други права, трговски марки и друга Интелектуална сопственост,како и оснивачки издатоци, од 5 - 20 години (5% - 20% годишна амортизација) или во зависност од нивното траење
- Права за сервисирања и учество на пазари, Дозволи, Квоти, Франшизи и Маркетиншки права од 5 - 10 години (10% - 20% годишна амортизација) или во зависност од нивното траење
- недвижности (земјишта) , неограничен век на траење
- недвижности (градежни објекти) , од 50 - 100 години (1% - 2% годишна амортизација)
- Компјутерска опрема - хардвер, од 4 до 5 години (20% - 25% годишна амортизација)
- Канцеларискі мебел и инвентар, од 4 до 5 години (20% - 25% годишна амортизација)
- Останата опрема, од 4 до 5 години (20% - 25% годишна амортизација)
- Транспортни средства, од 4 до 5 години (20% - 25% годишна амортизација)

Амортизацијата на недвижности и опрема и нематеријални средства започнува да се пресметува со ставање на средствата во употреба.

2.13. Оштетување на нефинансиските средства

Во согласност со прифатените сметководствени политики, на крајот од секоја година Раководството на Друштвото ја проценува сметководствената вредност на нематеријалните средства на Друштвото како и на недвижностите и опремата. Доколку постои индикација дека овие средства се оштетени, се пресметува надоместливата вредност на средствата за да се утврди обемот на загубата од оштетување. Доколку надоместливата вредност на средството е проценета како пониска од неговата сегашна вредност, сегашната вредност се намалува до износот на надоместливата вредност, која ја претставува повисоката од нето продажната вредност на средството и неговата употребна вредност. Загубите од оштетување, кои ја претставуваат разликата помеѓу сегашната вредност и надоместливата вредност на материјалните и нематеријалните средства, се прикажуваат во Извештајот за сеопфатна добивка согласно МСС 36 "Оштетувања на средствата".

Оштетените нефинансиски средства се оценуваат на секој датум на известување за да се утврдат можните надоместувања на оштетувањето.

2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (Продолжува)

2.14. Залихи

Залихите иницијално се искажуваат според пониската од набавната и нето продажната вредност. Набавната вредност се состои од фактурната вредност, транспортните трошоци и другите зависни трошоци. Нето продажната вредност ја претставува цената по која залихите би можеле да бидат продадени во нормални услови на стопанисување, намалена за трошоците на продажбата.

Исправката на вредноста на залихите која се прикажува во "Останати трошоци" се евидентира кај ставките кај кои е потребно да се намали нивната сметководствена вредност до нето продажната вредност проценета од страна на Раководството. Залихите кои се оштетени или се со квалитет кој е понизок од стандардниот, целосно се отпишуваат.

Залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар се водат по набавни цени и истите се отпишуваат 100% при ставањето во употреба.

Залихите на трговски стоки во склад се водат по набавни цени со примена на метадата на просечни набавни цени

2.15. Финансиски инструменти

Сите финансиски инструменти иницијално се признаваат според објективна вредност (вообичаено еднаква на платената цена) вклучувајќи ги директните зависни инкрементални трошоци на купување или издавање на финансиското средство или финансиската обврска, освен за финансиското средство или финансиската обврска според објективна вредност преку добивка или загуба. Сите набавки и продажби на финансиски средства и финансиски обврски настанати на вообичаен начин се признаваат на денот на плаќањето. Финансиските средства и финансиските обврски се признаени во Извештајот за финансиска состојба на Друштвото на денот на кој Друштвото станува договорна страна засегната од договорните одредби на финансискиот инструмент. При иницијалното признавање Раководството ја одредува класификацијата на финансиското средство. Класификацијата зависи од целта за која е набавено финансиското средство.

Финансиските средства престануваат да бидат признаени кога Друштвото ја губи контролата врз договорните права кои се однесуваат на инструментите. Ова се случува кога правата за користење на овие инструменти се реализирани, истечени, откажани или пренесени. Финансиските обврски престануваат да бидат признаени кога Друштвото ги исполнува обврските или кога обврска за отплата е откажана или истечена.

(а) Побарувања од купувачи

Побарувањата од купувачи се искажани според нивната номинална вредност намалена за соодветните исправки за пресметани ненадоместливи износи. Исправката за оштетување на побарувањата се прикажува кога постои објективен доказ дека Друштвото нема да биде во можност да ги наплати сите доспеани исноси во согласност со оригиналните услови врз кои се настанати побарувањата. Значајните финансиски потешкотии на должникот, веројатноста должникот да влезе во процес на ликвидација или финансика реорганизација и неможност за плаќање се сметаат за индикатори дека побарувањата се оштетени.
Отписот на побарувањата се спроведува врз основа на старосната структура на побарувањата и историското искуство, и кога се оценува дека делумната или целосната наплата на побарувањето повеќе не е веројатна. Сметководствената вредност на средството се намалува преку исправка на вредноста на побарувањата и износот на трошокот се прикажува во Извештајот за сеопфатна добивка во рамките "Останати расходи"(Белешка 10). Кога побарувањето е ненаплатливо,

истото се отпишува за сметка на исправка на вредноста на побарувањата. Последователните наплати на претходно отпишаните побарувања и соодветното намалување на исправката се признаваат како приход во рамките на "Останати приходи ".

(б) Кредити и заеми од банки и добавувачи

Кредитите и заемите од банки и добавувачи иницијално се мерени според примените износи (т.е. номиналната вредност). Последователно истите се вреднуваат според амортизирана набавна вредност врз основа на ефективната каматна стапка.

Обврските се класифицираат како краткорочни доколку се очекува да бидат подмирени во нормалниот деловен циклус на работењето на Друштвото, односно доколку доспеваат во период до 12 месеци од денот на Извештајот за финансиска состојба. Сите останати обврски се класифицираат како долгорочни.

(в) Оперативни обврски

Обврските кон добавувачи и останатите краткорочни обврски се мерат според вредноста на примените средства.

2.16. Пари и парични средства

Парите и паричните средства се состојат од средствата на жиро сметки, благајната и останатите високо ликвидни вложувања со иницијална доспеаност до три месеци, или помалку кои се моментално конвертибилни во познати парични износи и се изложени на незначаен ризик од промена во вредноста.

2.17. Надоместоци на вработени

(а) Даноци и придонеси на вработените за социјално осигурување

Во согласност со законските прописи во Република Македонија, Друштвото е обврзано да плаќа придонеси на повеќе државни фондови за социјално осигурување. Овие обврски опфаќаат плаќања на надоместоци во име на вработените од страна на работодавачот во износи пресметани со примена на специфични, пропишани со закон стапки. Друштвото исто така е законски обврзано да задржува придонеси од бруто платите на вработените и во име на вработените

да ги уплатува задржаните износи во соодветните државни фондови. Друштвото нема законска обврска за плаќање на дополнителни придонеси на Фондот за пезиско и инвалидско осигурување на Македонија при пензионирањето. Овие обврски се искажуваат како трошок во моментот на нивно настанување.

(б) Учество на раководтвото во добивката

Согласно на одлуката на менаџментот, Друштвото ја признава обврската и трошокот за учество на раководството во добивката. Обврската се измирува напоредно со измирување на обврската за дивиденди.

2.18. Данок на добивка

Тековниот данок на добивка го претставува износот кој е пресметан и платен во согласност со Законот за данок на добивка кој е на сила во Република Македонија. Данокот на добивка се плаќа по стапка од 10% (2010: 10%) применета на даночната основа прикажана во годишната даночна пријава по намалувањето за одредени даночни олеснувања. Даночната основа прикажана во даночната пријава ја претставува даночно непризнатите трошоци и помалку искажаните приходи согласно одредбите во Законот за данок на добивка.

Данокот на добивка се плаќа по стапка од 10% на износот на даночно непризнатите трошоци и помалку искажаните приходи, како и при исплата на дивиденда при распределба на добивката (почнувајќи од остварената добивка за 2009 година), освен кога дивидендата се исплатува на домашно правно лице.

Одложен данок на добивка

Одложени даноци се признаваат кога се јавува разлика помеѓу сметководствената вредност на средствата и обврските во финансиските извештаи и нивната сметководствена вредност според даночната регулатива и се прикажани со користење на метода на обврски за сите времени разлики. Одложените даночни обврски се признаваат за сите одбитни времени разлики земајќи во предвид дека веројатноста оданочивата добивка ќе биде искористена наспроти одбитните времени разлики.. Во финансиските извештаи, нема времени оданочиви разлики.

2.19. Дивиденди

Дивидендите се признаваат како обврска и се одземаат од капиталот во периодот во кој биле одобрени од страна на сопствениците на Друштвото. Дивидендите за годината што се прогласуваат по датата на изготвување на Извештајот за финансиска состојба се обелоденуваат како настан по датата на Извештајот за финансиска состојба.

2.20. Обелоденувања за поврзани субјекти

За целите на овие финансиски извештаи поврзани субјекти се оние кај кои едно правно лице има можност за контрола врз друго правно лице или има право да управува со финансиските и деловните операции на лицето, како што е утврдено со МСС 24 "Обелоденувања за поврзани субјекти".

Односите помеѓу Друштвото и неговите поврзани субјекти се утврдени на договорна основа и се спроведуваат според пазарни услови. Салдата на побарувањата и обврските на денот на Извештајот за финансиска состојба како и трансакциите со поврзаните субјекти настанати во извештајните периоди одделно се прикажани во белешките кон финансиските извештаи (Белешка 24).

3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ

Во нормалниот тек на спроведување на своите деловни активности Друштвото е изложено на повеќе ралични ризици со различен степен на изложеност: пазарен ризик (вклучувајќи ги: ризик од курсни разлики, каматен ризик и ценовен ризик), ликвидносен ризик и кредитен ризик.

Управувањето со ризици на Друштвото се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимализирање на потенцијалните негативни ефекти врз финансиското работење на Друштвото.

3.1. Пазарен ризик

(а) Ризик од курсни разлики

Друштвото е изложено на ризик од курсни разлики бидејќи има средства и обврски искажани во странска валута.
Друштвото нема посебна политика за избегнување на овој вид на ризик заради тоа што во Република Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид на ризик. Иако Друштвото е изложено на ризик поради промена на курсот на странските валути, таа изложеност е ограничена поради фактот дека најголем дел од трансакциите се во евра чиј валутен курс се смета за релативно стабилен.

3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ

3.1. Пазарен ризик

(а) Ризик од курсни разлики

Официјалните девизни курсеви користени за конверзија на ставките од Извештајот за финансиска состојба искажани во странска валута во денар на 31 декември 2011 и 2010 година се дадени во следниов преглед:

	Во денари	
	2011	2010
ЕУР	61,5050	61,5050
УСД	47,5346	46,3140
ЦХФ	50,5964	49,3026

(b) Каматен ризик

Друштвото не е изложено на ризик од промени во каматните стапки, кој се однесува на заемите и позајмиците, бидејќи тие не се каматоносни..

На денот на Извештајот за финансиска состојба, Друштвото е изложено на ваков ризик кој произлегува од лизинг договорите, бидејќи тие се склучени со варијабилни каматни стапки. Овој ризик зависи од движењата на финансиските пазари и Друштвото не е обезбедено од нив.

(в) Ценовен ризик

Друштвото не е изложено на ценовен ризик поврзан со основачки вложувања бидејќи нема вложувања класифицирани во Извештајот за финансиска состојба како расположливи за продажба или според објективната вредност преку искажување на капитална добивка или загуба.

Друштвото има ограничена изложеност на ценовен ризик во поглед на оперативното работење, кој се ублажува преку континуирано следење на конкуренцијата од страна на раководството, при што се врши анализа на ценовниот ризик и презема соодветни мерки.

3.2. Ликвидносен ризик

На 31 декември 2011 тековните обврски на Друштвото ги надминуваат неговите тековни средства за 40.676 илјади денари. Со оглед на тоа што најголемиот дел од обврските на Друштвото (32.863 илјади денари) се однесуваат на неговите поврзани субјекти, Друштвото располага со доволно високоликвидни средства (пари и парични средства, како и доволен паричен тек од пружените услуги) за навремено подмирување на обврските кон надворешните добавувачи.

Управувањето со ликвидносниот ризик е централизирано во Друштвото.

Друштвото не користи финансиски деривативи.

3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ

3.3. Кредитен ризик

Кредитниот ризик произлегува од пари и парични средства, депозити во банки и финансиски институции, како и од кредитна изложеност кон корпоративни и клиенти од малопродажбата, вклучувајќи ги побарувањата и обврзувањата.

Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик е лимитирана. Кредитниот ризик е управуван преку превземање на одредени мерки на ниво на Друштвото. Во случај клиентот да не ги исплати своите обврски, Друштвото престанува со извршување на услуги и продавање на производи на тој клиент. Друштвото нема концентрација на кредитен ризик бидејќи неговата база на клиенти е голема, кои имаат мало учество во таа база и не се поврзани. Со цел да ги обезбеди наплатите Друштвото ги превзема следниве мерки: компензации, тужби, вонсудски спогодби и друго.

3.4. Управување со капиталниот ризик

Друштвото има усвоен концепт за финансискиот капитал и неговото зачувување според кој капиталот е дефиниран на база на номинални парични единици.

Целите на Друштвото во врска со управувањето на капиталот се зачувување на способноста на Друштвото да продолжи да работи врз основа на претпоставката за континуитет за да се зачува оптимална капитална структура која би го намалила трошокот на капитал и би обезбедила приноси за сопствениците.

3.5. Проценки на објективната вредност

Друштвото има политика за обелоденување на информации за објективната вредност на оние компоненти од средствата и обврските за кои се расположливи пазарни цени и за оние кај кои објективната вредност може значително да се разликува од сметководствена вредност. Во Република Македонија не постои доволно ниво на пазарно искуство, стабилност и ликвидност за купопродажба на побарувања и други финансиски средства или обврски и оттука за истите во моментов не се расположливи пазарни цени. Како резултат, во отсуство на активен пазар, објективната вредност не може да биде утврдена на веродостојна основа. Раководството на Друштвото ја проценува севкупната изложеност на ризик и во случаи кога проценува дека вредноста на средствата според која се евидентирани во сметководството не би можела да биде реализирана, се врши исправка на вредноста.
Раководството на Друштвото смета дека искажаните сметководсвени износи се највалидни и најкорисни извештајни вредности при постојните пазарни услови.

4. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

	2011	2010
Приходи од продажба на домашен пазар	133	773
Приходи од продажба на странски пазар	2.512	13.233
Вкупно	**2.645**	**14.006**

5. ТРОШОЦИ ЗА МАТЕРИЈАЛИ И ОДРЖУВАЊЕ

	2011	2010
Енергија и гориво	88	110
Потрошени материјали	155	15
Трошоци за одржување	77	33
Телекомуникациски трошоци	502	638
Услуги за хостирање	352	2.890
Останати услуги	25	20
Вкупно	**1.199**	**3.706**

6. ПЛАТИ, НАДОМЕСТОЦИ И ДРУГИ ЛИЧНИ ПРИМАЊА

	2011	2010
Бруто плати	567	493
Вкупно	**567**	**493**

7. АМОРТИЗАЦИЈА

	2011	2010
Нематеријални средства	13.564	13.043
Недвижности, постројки и опрема	2.609	2.600
Вкупно	**16.173**	**15.643**

8. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

	2011	2010
Маркетинг	37	81
Даноци	3	169
Осигурување	118	72
Банкарски трошоци	30	60
Кирија	409	852
Консултантски и останати услуги	990	3.189
Вкупно	**1.587**	**4.423**

9. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

	2011	2010
Отпис на обврски	1.835	82
Наплатени отписани побарувања	138	-
Останати приходи	104	-
Вкупно	**2.077**	**82**

10. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ

	2011	2010
Исправка на вредноста на побарувањата	318	1.884
Останато	-	3
Вкупно	**318**	**1.887**

11. РАСХОДИ ОД КАМАТИ, НЕТО

	2011	2010
ПРИХОДИ ОД КАМАТИ		
Приходи од камати	1	1
Вкупно	1	1
РАСХОДИ ЗА КАМАТА		
Расходи за камати	(10)	(16)
Вкупно	(10)	(16)
Нето расходи од камати	**(9)**	**(15)**

12. НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ, НЕТО

	2011	2010
ПОЗИТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ		
Позитивни курсни разлики	248	23
Вкупно	**248**	**23**
НЕГАТИВНИ КУРСНИ РАЗЛИКИ		
Негативни курсни разлики	(363)	(277)
Вкупно	**(363)**	**(277)**
Негативни курсни разлики, нето	**(115)**	**(254)**

13. ДАНОК НА ДОБИВКА

	2011	2010
Загуба пред оданочување	**(15.246)**	**(12.333)**
Даночна основица - непризнати трошоци	358	2.036
Данок на добивка - 10% (2010: 10%)	**36**	**204**

14. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

	Основачки вложувања	Софтвер	Вкупно
Набавна вредност на 1 јануари 2010	523	128.853	129.376
Набавки	-	5.083	5.083
Состојба на 31 декември 2010	523	133.936	134.459
Набавки во 2011	-	2.507	2.507
Состојба на 31 декември 2011	523	136.443	136.966
Акумулирана амортизација на 1 јануари 2011	209	36.588	36.797
Амортизација за 2010	105	12.938	13.043
Состојба на	314	49.526	49.840
Амортизација за 2011	105	13.459	13.564
Состојба на 31 декември 2011	419	62.985	63.404
Нето сегашна вредност на:			
- 31 декември 2011	104	73.458	73.562
- 31 декември 2010	209	84.410	84.619

15. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

	Опрема	Транспортни средства, мебел	Вкупно
Набавна вредност на 1 јануари 2010	**3.934**	**10.660**	**14.594**
Нови набавки во 2010	5	-	5
Состојба на 31 декември 2010	**3.939**	**10.660**	**14.599**
Нови набавки во 2011	7	51	58
Состојба на 31 декември 2011	**3.946**	**10.711**	**14.657**
Акумулирана амортизација на 1 јануари 2011	**2.294**	**4.487**	**6.781**
Амортизација за 2010	554	2.047	2.601
Состојба на 31 декември 2010	**2.848**	**6.534**	**9.382**
Амортизација за 2011	556	2.053	2.609
Состојба на 31 декември 2011	**3.404**	**8.587**	**11.991**
Нето сегашна вредност на:			
- 31 декември 2011	**542**	**2.124**	**2.666**
- 31 декември 2010	**1.091**	**4.126**	**5.218**

16. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

	2011	2010
Побарувања од купувачи во земјата	34	282
Побарувања од купувачи во странство	279	1.761
Аванси	100	658
	413	**2.701**
Исправка на вредност	(318)	(1.884)
Состојба на 31 декември	**95**	**817**

17. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ СРЕДСТВА И АВР

	2011	2010
Заеми	647	617
Даноци	433	247
Побарувања од вработени	222	285
АВР	96	82
Состојба на 31 декември	**1.398**	**1.231**

Поголемиот дел од заемите се однесува на краткорични финансиски побарувања од ИСИС инвестментс ДООЕЛ Скопје, кои не се каматоносни.

18. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

	2011	2010
Жиро сметки	366	254
Девизна сметка	24	18
Благајна	20	34
Состојба на 31 декември	**410**	**306**

19. КАПИТАЛ

Друштвото претставува акционерско друштво. Бројот на акционери изнесува 108, пришто мнозински сопственик е управителот на Друштвото со учество од 74,46% од вкупните издадени акции.

20. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ

	2011	2010
Долгорочни обврски - финансиски лизинг	1.203	2.647
Состојба на 31 декември	**1.203**	**2.647**

Долгорочните финансиски обврски се однесуваат на финансиски обврски по склучени четири договори за финансиски лизинг со Хипо Гроуп Алпе Адриа Леасинг ДООЕЛ Скопје за набавка на три патнички возила и компјутерска опрема. Во текот на 2011 година еден од договореите за лизинг кој се однесува за опремата беше исплатен во целост, додека пак останатите доспеваат во 2013 година.

21. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ

	2011	2010
Заеми од поврзани субјекти - Рамонд Поњер	32.122	20.517
Краткорочни обврски по основа на финансиски лизинг	1.444	1.922
Заеми од странски правни лица	6.173	6.112
Состојба на 31 декември	**39.739**	**28.551**

Краткорочните финансиски обврски се однесуваат на финансиски обврски врз основа на четири склучени договори за финансиски лизинг за набавка на три патнички возила и компјутерска опрема преку лизинг аранжман со Хипо Гроуп Алпе Адриа Леасинг ДООЕЛ Скопје кои доспеваат во 2012 година.

Во 2011 година друштвото користи девизни заеми од две правни странски лица и тоа:
- Фалвес Традинг лтд, Кипар на вкупен износ од 4.636 илјади денар (49.650 УСД и 62.000 ЕУР) и
- Лотус Реал Естате лтд., Британски Девствени Острови на вкупен износ од 1.538 илјади денари (25.000 ЕУР).

Позајмиците не се каматоносни и се со рок на доспевање од 1 година.

22. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ

	2011	2010
Обврски кон добавувачи во земјата	550	697
Обврски кон добавувачи во странство	-	1.906
Примени аванси	155	158
Состојба на 31 декември	**705**	**2.761**

23. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ И ПВР

	2011	2010
Обврски кон државата	1.147	1.192
Нето плати	76	144
Даноци и придонеси од плати	37	69
Одложени приходи	125	409
Останати обврски - менаџерски договори	750	6.787
Состојба на 31 декември	**2.135**	**8.601**

24. ОБЕЛОДЕНУВАЊЕ ЗА ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

Салдата на побарувањата и обврските на 31 декември 2011 и 2010, кои произлегуваат од трансакциите со поврзаните субјекти на Друштвото се дадени во следниот преглед:

	2011	2010
ДАДЕНИ ПОЗАЈМИЦИ		
Исис Инвестментс - салдо	626	608
Вкупно	**626**	**608**

	2011	2010
ПРИМЕНИ ПОЗАЈМИЦИ		
Raymond Power - салдо	31.970	20.516
Simon Beamish- салдо	152	-
Вкупно	**32.122**	**20.516**

	2011	2010
ОБВРСКИ ЗА МЕНЏЕРСКИ НАДОМЕСТОЦИ		
Raymond Power - салдо	741	6.459
Simon Beamish- салдо	-	306
Вкупно	**741**	**6.765**

	2011	2010
ТРОШОЦИ ЗА МЕНАЏЕРСКИ НАДОМЕСТОЦИ		
Трошоци за периодот	324	2.397
Капитализирани трошоци	603	2.636
Вкупно	**927**	**5.033**

25. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

Не постојат материјални последователни настани, кои би имале влијание врз разбирањето на финансиските извештаи

БДО д.о.о. Скопје
11 Октомври бр. 86/1-1
1000 Скопје
Република Македонија

БДО д.о.о. Скопје е трговско друштво основано во Република Македонија, членка на BDO International Limited, компанија со ограничена одговорност со седиште во Велика Британија. БДО д.о.о. Скопје е дел од меѓународната БДО мрежа на независни фирми членки.
БДО е бренд име за БДО мрежата и за секоја фирма членка.

BDO d.o.o. Skopje
11 Oktomvri no. 86/1-1
1000 Skopje
Republic of Macedonia

BDO d.o.o. Skopje, a limited liability company incorporated in the Republic of Macedonia, is a member of BDO International Limited, a UK company limited by guarantee, and forms part of the international BDO network of independent member firms.
BDO is the brand name for the BDO network and for each of the BDO member firms.

Tel. +389 2 3117 888
Fax. +389 2 3117 999

www.bdo.mk